МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН”

СВЕТИ НИКОЛЕ
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ФАКУЛТЕТ ЗА ПСИХОЛОГИЈА
КЛИНИЧКА И СОВЕТОДАВНА ПСИХОЛОГИЈА

„ИГРОВНА ТЕРАПИЈА НИЗ КОНЦЕПТОТ НА РАЗВОЈНИТЕ СТАДИУМИ НА ТЕОРИЈАТА НА ПИЈАЖЕ”

Изработил:

СИМОНА ЈАНЕВСКА МАНАСИЈЕВИЌ

Број на индекс:

М203014

Ментор:

СЛАЃАНА АНЃЕЛКОСКА

Јули, 2022

Содржина

Вовед 4
1.ИГРА 8
1.1. Детските игри низ историјата 8
1.2.Дефиниција за игра 10
1.3.Видови на детски игри 10
1.4.Улога на играта врз целокупниот развој на детето 14
1.5.Значајност на играта врз детето 17
1.6.Облици на игра 18
1.7.Играчки 22
1.8.Возраст и играчки 23
1.8.2.Втора година 24
1.8.3.Трета година 25
1.8.4.Од четврта до седма година 25
1.8.5.Училишна возраст 26
1.9.Играта и воспитувањето на децата 27
1.10.Организирање на детската игра 27
1.11.Улога на возрасните во детската игра 27
2.Игровна терапија 28
2.1.Дефиниција за игровна терапија 30
2.2.Кога се користи терапијата со игра? 32
2.3.Што да се очекува од игровната терапија? 33
2.4.Терапевт 34
2.5.Како треба да изгледа средината за игра 34
3.Жан Пијаже 35
4.Теорија на Пијаже за когнитивен развој 37
4.1.Што е когнитивен развој? 37
4.2.Процес на когнитивен развој 38
4.3.Стадиуми на когнитивниот развој 40
4.3.1.Сензомоторен стадиум 41
4.3.2.Предоперативен стадиум 43
5.Центрација на детска мисла 45
5.1.Иреверзибилност (неповратност) 46
5.2.Специфични облици на детското сфаќање на појава 46

5.3.Анимизам 46
5.4.Реализам 47
5.5.Артифицијелизам 47
6.Стадиум на конкретни операции 48
6.1.Образување на поимот број 50
7.Стадиум на формални операции 49
8.Развој на сфаќање на каузалност 51
9.Експерименти на Пијаже 52
10.Игровната терапија низ концептот на развојните стадиуми на теоријата на Пијаже 54
II. Методологија на истражувањето 56
1. Цел на трудот 56
2.Предмет на трудот 57
3.Задачи на истражувањето 58
4.Хипотези 59
5.Варијабли во истражувањето 60
III.Методологија на трудот 60
1.Методи и техники на истражување 68
2.Анализа на цртежите 72
2.1.Анализа на цртежи на човечка фигура 72
2.2.Анализа на цртежи „Моето семејство„ 82
3.Дискусија 102
ЗАКЛУЧОК 104
Користена литература 106

Вовед

„Play is the work of childhood!” - Jean Piaget

„Играта е дело на детството!” -Жан Пијаже

Детството представува единствен и значаен период во животот на секоја еднинка.Од една оплодена јајце клетка се развива еден организам со свои препознатливи физички карактеристи и психосоцијални карактеристики на возрасен човек.

Во раното детство се одвиваат најрадикалните трансформации во човечкиот живот,од биолошко незрело,беспомошно и целосно зависно битие до автономен член на општествената заедница и претставник на дадена култура.

Во Конвенцијата за правата на децата, Обединетите нации (1989) особено го истакнале значењето на детскиот развој,нагласувајќи дека играта е најсоодветен и најмоќен медиум за изградба на цврста и здрава врска помеѓу дете и возрасен,за развој на причинско-последично размислување и контрола на импулсивност,за надминување на стресните ситуации и учење социјални вештини.

Со развојните степени на друштвениот развој се менувал и начинот на живот,но играта и во нови услови е составен дел од детските активности.

Низ историјата детските игри се менувале во зависност од социјалната средината,но и потреби и личните интереси на детето.

Различни игри се применуваат низ развојните стадиуми.

Детската игра е неизоставна активност во детството. Детето низ игра ги развива интелектуалните, емоционалните способности. Тоа учи да го развива движењето, говор, фантазирањето, преку игра стекнува пријателства и го развива својот друштвен живот.

Играта за детето претставува најинтересен дел од денот, дали ке е дома со надгледување од родителите или со врсниците во градинка,играта го исполнува секојдневието на детето при тоа правејќи го безгрижено и среќно.

Развојот на играта и изборот на играчката се одвиваат паралелно во склад со развојот на детето.

Еден од најважните средства кои треба да им се обезбедат на децата се играчките кои се соодветни за нивната возраст, како и развојното ниво, а преку кои кај детето ќе се стимулира развојот.

Игровна терапија е психотерапевтски пристап кој првенствено се користи за да им помогне на децата на возраст од 3 до 12 години слободно да ги изразат поттиснатите мисли и емоции преку игра.

Игровна терапија обично се одвива во безбедна,удобна соба за игри (или соба прилагодена според потребите), каде што му се подредуваат одредени правила или ограничувања на детето (не е дозволено да се кршат играчките),се поттикнува слободното изразување на детето и терапевтот може да ги набљудува детските избори,одлуки и стил на игра.

Во процесот на игровната терапија, терапевтот во текот на играта го набљудува детето за да стекне увид во проблемите на детето. Ќе набљудува и ќе забележува одредени моменти кои што можат да произлезат од траума или вознемиреност, емоционални потешкотии,проблеми во односот со родителите или социјалната средина. Потоа терапевтот го води детето во терапевтски активности за да му помогнат да се справи со сите проблеми со кои што може да се соочи.

Детскиот развој се одвива брзо и ја опфаќа возраста од раѓањето до 12 години. Овој развоен период се карактеризира со одредени развојни процеси во:

-Анатомско-физиолошки развој

-Емотивен развој

-Социјален развој

Швајцарскиот развоен психолог, Жан Пијаже, ја дал својата теорија за когнитивен развој и имал бројни експериментални истражувања за ментални способности на мали деца.

Според Пијаже децата поминуваат низ исти фази на развојот по ист редослед. Секој човек оди чекор по чекор низ фазите, односно не може да прескокне една фаза или да оди на друг начин.

Фазите на когнитивен развој се:

1. Сензомоторна фаза (до 2 години)
2. Предоперативна фаза (од 2 до 6 години)
3. Фаза на специфични операции од (6 до 12 години)
4. Фаза на формални операции (од 12 до 18 години)

Според теоријата на Пијаже бебето се раѓа без никакво знаење,а потоа набљудувајќи го светот околу него постепено формира кохерентно разбирање за тој свет ,кое постепено се зголемува.

Со други зборови детето конструира ментален модел.Пијаже до овој заклучок не дошол така што седел во фотеља туку тој вршел експерименти, а тие се едни од причините зошто неговата работа имала толкаво влијание.

Ќе објаснам за игровната терапија низ концептот на развојните стадиуми на теоријата на Пијаже.

Преку играта детето се проектира себе си, тоа игра бидејќи е радознало,може да учи,да се социјализира,когнитивно и емоционално да созрева.

Придобивките од игровната терапија се:

- Превземање поголема одговорност за одредено однесување
- Развивање стратегии за справување и вештини за креативно решавање на проблеми
- Самопочит
- Емпатија и почит кон други
- Ублажување на анксиозност
- Учење
- Посилни социјални вештини
- Посилни социјални односи

- Употреба на јазик
- Подобра фина и груба моторика

Терапијата со игра им овозможува на децата сесии на „слободна игра„ или неструктуирани игри што тие честопати низ игра ги искажуваат слабостите и вознемиреноста.

Исто така цртежот за децата представува спонтана и една од омилените активности низ која ја презентираат својата слика за светот.За детето да почне да црта најпрвин неопходен е моторен развој и когнитивна зрелост.

Во врска со оваа тема што ја имам за магистерска јас со консултација со мојата професорка бев во градинка во Куманово,каде се сретнав со различни возрасни групи на деца,ги набљудував тие деца како се играат,кои игри ги играат,потоа им дадов задача да нацртаат цртежи.На едниот цртеж имаа задача да го претстават своето семејство,а на другиот човечка фигура.

Предмет на оваа истражување беа деца на различна возрасна група.

Целта на оваа истражување е да се согледаат емоциите на децата,како тие го доживуваат светот,како играат,какви игровни активности имаат додека се во градинка,како се когнитивно развиени во смисла на обработка на информации,способности за перцепција,концентрација,внимание,ориентација.

Главната хипотеза на истражувањето е добивањето на информација како децата преку игра и цртеж се доживуваат себе си,нивниот развој,влијание на семејната атмосфера,нивните емоции.

Оваа истражување е направено врз основа на анализа на документација, дескриптивна анализа и систематско набљудување

Техники кои се користат при оваа истражување се цртежи кои се анализирани.

Инструменти кои се користени се играчки, книги, листови, боици, молив, протокол за систематско набљудување.

Популацијата е конечна, односно затворена, а тоа се деца во градинка од различна возраст,од најмала популација до деца од предшколска возраст кои се запишани во 2021/22.

Обработката на податоци за оваа истражување помина 4 фази:

- Фаза на собирање на податоци
- Фаза на групирање и прикажување на податоци
- Фаза на анализа на податоци
- Фаза на статичко заклучување

А, сега подетално ќе објаснам за играта, игровната терапија и теоријата на Пијаже.

1.ИГРА

1.1. Детските игри низ историјата

Со развојните степени на друштвениот развој се менувал и начинот на живот,но играта и во нови услови е составен дел од детските активности.

Низ историјата детските игри се менувале во зависност од социјалната средината,но и потреби и личните интереси на детето.

Првата појава на играта е забележана уште во првите историски записи за човештвото, приота менувајќи ја својата структура и поставеност од развојот на општествената култура, поезија, музика, танц, филозофијата и социјалните структури. [1]

Во Конвенцијата за правата на децата,Обединетите нации (1989) особено го истакнале значењето на детскиот развој,нагласувајќи дека играта е најсоодветен и најмоќен медиум за изградба на цврста и здрава врска помеѓу дете и возрасен,за развој на причинско-

[1] Drewes,2006

последично размислување и контрола на импулсивност,за надминување на стресните ситуации и учење социјални вештини.

Играта не само што придонесува за развојот на детето,дозволувајќи му да учи,да учествува во различни активности и да развива нови способности,исто така и играта е индикатор за напредок и развој на детето.Како што расте и се развива детето така се менува неговата игра.

Порано детството е набљудувано како поминувачка работа во животот на детето па не се давало многу внимание на детето и неговото детство.

Во денешно време детето е центар на светот,сите идеолошки ориентации се усмерени накај детето.

Иако игрите се застапени уште од далечно време па се до денеска видливи се разликите во интересите на децата,видови на игри и начин на играње.

Порано децата своето слободно време го поминувале надвор на улица со своите врсници и правејќи самостално реквизити за некои игри.

Во средниот век децата се играле со играчки како што се:коњ од глина,наоружани војници со лак и стрела и слично.

Во време на ренесанса постоеле голем број на занаетчии и тие правеле разни играчки, тоа било претежно некои домаќински работи кои се користеле,имитација на оружје и сето тоа направено во помала верзија.

Кога се зборува за праисториско време и пронаоѓање на играчките нема некои конкретни податоци. Во тоа време обично играчките биле правени од дрво. Дрвото како природен материјал многу брзо трули и затоа не можело да се сочуваат играчките кои потекнуваат од најраните денови на човечкото постоење.

Во играта биле застапени многу физличките активности. Денеска се помалку децата се играат на улица. Се што е потребно за игра родителите им го приуштат на децата,така да тие немаат потреба сами да прават со што значајно се намалува креативноста на децата. Децата се обрнуваат кон информационата технологија бидејќи низ неа тие ја гледаат можноста да ја пренесат креативноста и енергијата.

Порано децата немале многу слободно време со самото тоа што имале доволно време за игра, додека денеска исчезнува таа страст за играта бидејќи сега е достапна на сите и во декоја доба.

„Играта е основниот биолошки нагон, таа е составен дел од нашиот живот и е еднакво важна како и спиењето и јадењето„ -Stuart Brown

„Играта е огледало на сето она што му е важно на детето.Детето ужива во играта,се забавува,се дружи со пријателите и прави избор на активности.Може да си игра дома или надвор од дома.Како се развива и менува детето така се развива и играта„

1.2.Дефиниција за игра

Постојат многу дефиниции за игра, некои од нив се следните:

1. „Играта е доброволна активност која се спроведува без присила,во целост,со уживање„
2. „Играта се дефинира како начин,посебен сет на однесување,како контекст„
3. „Играта е самостојна активност која вклучува објекти,која вклучува акција,локомоторна игра,конструктивна игра,социодрамска игра,јазична игра и игра со правила„
4. „Играта е единствена,нејзината цел е таа самата-ИГРА„

1.3.Видови на детски игри

Најстарата класификации која е дадена според активностите на изведување е следна:

- Набљудување

  Преку набљудување детето само гледа како се изведува некоја активност како што е играње на врсници или активности на возрасни;

- Самостојна игра

  Во самостојна игра детето само ги изведува активностите,само ја смислува играта,правилата,тоа ја води играта,го задржува неговото внимание;

- Паралелна игра

  Преку паралелна игра детето опсервира тоа што е во негово опкружување,а потоа и самото се вклучува во играта;

- Поврзувачка игра

  Преку активностите детето ќе се поврзе со родителите,ќе чувствува поголма сигурност, самодоверба, ќе се чувствува исполнето, задоволно и сакано;

- Соработувачка игра

  Преку активностите децата ќе учат како да соработуваат во текот на играта со врсниците и возрасните;

-

Нова класификација која е дадена според активностите на изведување е следна:

- Физичка игра

  Физичките активности што ги уживаат децата ќе ја зголемат нивната самодоверба, како и способноста подобро да се движат,а со тоа и ќе ја развијат моториката.

  Физичката активност е од витално значење за здравиот раст и развој на детето. Таа може да започне многу рано во животот како дел од секојдневната игра на детето.

  За оваа активност може да се користи топка за вежбање на фаќање и шутирање, бркање, одење по нацртана линија,скокање,возење велосипед,тротинет,ролерки и слично.

- Игри на преправање

  Детски кујни, докторски сет и комплети за голф им помагаат на децата да научат како да го опишат светот со имитирање на своите постапки и постапките на другите влијателни возрасни. Кукли и полнети играчки со изглед и форма на животни поттикнуваат играње и им помагаат на децата да развијат социјални и емотивни вештини и да се грижат за нешто што го сакаат.

- Јазични игри

  За развојот на говорот важен е добриот говорен модел. Затоа се користат играчките кои зборуваат.

  Преку играта се врши и говорна стимулација за развој на првите зборови. На средна возраст од 2 до 6 години за децата е корисно со игрите да учат нови поими и на тој начин да го збогатат својот речник и да го прошират знаењето за тие поими. Исто така проширување на реченицата и учењето на граматички категории придонесува за подготвеност за препознавање на буквите и учење на броеви.

- Игри со правила

  Детето преку интелектуалниот, моторниот и говорно-јазичниот развој станува способно да учествува во видови на игра, да го следи редоследот на играње и правилата на играта.

  За таа цел корисни се игри со правила како „Не лути се човече“, „Карти“ и слично, како и домино, сложувалки итн. Покрај правилата, детето преку овие игри се учи на упорност, прифаќање на порази и уживање во победата.

- Креативни игри

  Кога децата сами ќе ја смислат играта тогаш креативноста најмногу доаѓа до израз.Детето влегува во улога на својата фантазија,му се дава можност познати играчки да ги користи на нов начин.

Неструктурна, слободна игра е најдобриот вид за децата.

Тоа е игра која се случува сама од себе во зависност од интересите на детето во одреден момент.Слободната игра е непланира и таа овозможува децата во секој момент ја искористат играта и да фантазираат на темпо кое најмногу им одговара.

Примери на неструктуирани игри:

1. Креативна самостална или заедничка игра (цртање, свирење, играње, слушање)
   Децата преку оваа активност ке ја изразат својата креативност,можат самостално да учествуваат во играта,но можат заеднички со други деца.
2. Имагинативна игра (правење на куќа од столици и прекривачи, маскирање, драмски игри, играње со домашни предмети,вода,брашно,пластелин)
   Децата преку оваа активност ќе ја развијат имагинацијата преку тоа што ќе ги откриваат и истражуваат предметите кои што ќе ги користат при нивната игра.
3. Истражување на нови или омилени места за играње како што се (шкаф, двор, парк, игралиште)
   Децата преку оваа активност ќе истражуваат и откриваат нови места,ќе учат нови работи.

Родителите можат, но не мора да се дел од неструктурианите игри.Понекогаш е потребо само да се усмерат децата на пример да се изнесе стара облека,боици и хартија.

Структуирана игра е различна, таа е организирана,се случува во одредено време,на одредено место и обично ја водат возрасните

Примери на структурни игри:

1. Друштвени игри во кои учествува целото семејство
   Во оваа активност е вклучено целото семејство каде што ќе се поврзат членовите од семејството,ќе им биде забавно,а децата ќе научат нови работи и како е да се игра во група и како да постапуваат во игра каде има и правила.

2. Спортски игри

   Со овие активности децата прават движења,учат како е кога се игра во група,како се игра ферски,учат да комуницираат да се натпреваруваат,ќе добијат желба за победа,ќе научат да фаќаат и фрлаат топка

3. Цртање, игра, музика

   Со овие активности децата ќе бидат креативни преку цртежот и музиката,ќе бидат активни и ќе се развиваат.

И неструктурната и структурната игра се одвива или внатре или надвор.

Играњето надвор на детето му дава прилика да истражува,да биде активно,да ја тестира својата физичка издржливост,па и да се извалка.

1.4.Улога на играта врз целокупниот развој на детето

Играта има голема улога во развојот на детето и при игра се развива:

-Развој на моторика (крупна и фина моторика)

Моторниот развој кај секое дете е од големо значење поради тоа што од него започнува целокупниот развој. Избалансиран моторен развој директно влијае врз останатите развојни домени како што е развојот на говор, когнитивниот и емоционалниот развој и социјалната компетенција. Моторниот развој е целина на физички и моторни вештини, кои почнуваат да се јавуваат во возраст кога децата се доенчиња или мали деца.

Крупната моторика се однесува на движењата на големите (стабилизирачки) мускули на телото,односно на движењата кои го вклучуваат целото тело.Таа е важна развивање на вештини кои им овозможат на децата да ги извршуваат секојдневните активности,како што се одење и трчање,играње за игралиште (пр. Качување) и спортски вештини (Пр. Фаќање, фрлање и шутирање на топка).

Развојот на крупната моторика е клучен и за активностите во однос на грижата за себе (пр. При облекување детето треба да може да застане на едната нога за да ја стави другата нога во ногавица од панталоните без да падне).

Развиеноста на крупната моторика има влијание и врз другите секојдневни активности.На пример можноста на детето да одржува соодветно држење на горниот дел на телото при седење,ќе влијае на неговата способност да учествува во активностите кои вклучуваат фини моторни вештини (пример пишување,цртање).Ова пак понатаму директно се рефлектира на училишните постигнувања на детето.

Развивање на финаата моторика е важно за целокупниот развој на децата. Поимот фина моторика се однесува на малите движења на раката, прстите на рацете и нозете, јазикот и ситните мускули на лицето. Сепак, кога се зборува за развивање на финаата моторика, обично фокусот е на движење на раката и прстите на рацете.

-Когнитивен развој

Когнитивниот развој подразбира конструкција на мисловни процеси вклучително мислење, помнење, решавање на проблеми и донесување одлуки.

Когнитивниот развој се однесува на тоа како човекот перцепира, размислува и стекнува знаења за светот околу себе. Меѓу областите на когнитивниот развој вклучуваат обработка на информации, интелигенција, расудување, развој на говор и меморија.

-Говор и комуникација

Говорот е темел на човечката комуникација и е значаен за целосен развој на детето. Говорот почнува да се развива уште со првиот плач на новороденото бебе. Развојот на говорот и јазикот се одвива во две фази: прелингвална и лингвална фаза. Прелингвален период е периодот од раѓањето до првиот смисловен збор. Лингвален период е периодот од првиот смисловен збор до целосна автоматизација на говорот.

Многу е важно да ги познаваме фазите на говорно-јазичниот развој за да можеме да го разбереме детскиот говор и за да можеме да го поттикнуваме.

-Социо-емоционален развој

Усвојувањето на емоциите воглавно се одвива во раното детство, тие се еден од најважните фактори кои имаат целокупно влијание врз единката и нејзиниот интерперсонален живот.

Емоционалниот развој подразбира препознавање на своите и емоциите на другите, способност за управување и регулација на емоциите, а истовремено има и влијание врз социјалниот развој.

Социјализацијата на емоциите кај децата е под влијание на наследните механизми на емотивно реагирање, семејството и поширокаата околина.

Стабилен социоемоционален развој не само што е силна предиспозиција за понатамошен успех во односите со врсниците туку има влијание и врз академскиот успех, успехот во кариерата, подобро ментално здравје како и поголема прифатеност од околината.

-Самопомош/грижа за себе

Грижата за себе вклучува низа вештини кои всушност се секојдневни задачи кои на децата ќе им овозможат да бидат подготвени да учествуваат во животни активности (соблекување/облекување, јадење, миење на забите и слично). Тие честопати се нарекуваат активности на секојдневно живеење.

Детската игра е неизоставна активност во детството. Детето низ игра ги развива интелектуалните, емоционалните способности. Тоа учи да го развива движењето, говор, фантазирањето, преку игра стекнува пријателства и го развива својот друштвен живот.

Низ играта се развива и детската личност,а грижа за развој на детската личност е главната цел на современото друштво како и воспитание и образование.

Играта се разликува од работата бидејќи таа е непродуктивна дејност,не е резултат на принудување ,таа дава голем степен на задоволство кај детето и низа од нови недоживеани ситуации.

1.5.Значајност на играта врз детето

Играта е првата манифестација на способностите на детето да сопственото искуство го претвори во нешто замислено и во својата свест да употреби нов, еднисntвен створувачки начин.

Играта се однесува на оние делови на реалност кои се од најголем интерес на детето.

Играта има сопствена мотивација, овозможува слободен избор и одлука, а истовремено бара од детето да ги почитува правилата на играта.

За спонтана и слободна игра детето треба да има доволно: доживување, искуство, знаење, добар модел на улога, време, простор, материјали и прилика да најде партнер за игра.

Играта е посебен облик на учење,детето има потреба да го разбере светот кој го опкружува.Играта придонесува за челичење на организмот посебно ако се игра на различна температура и во различни услови кои детето го наведуваат да се прилагоди и да го зголемат физичкиот напор.

Детето кое е активно има повеќе услови физички да се развива,бидејќи движењето го крева пристисокот и се разменуваат материи во организмот,дишење и вентилација на белите дробови,терморегулација.

Играта им овозможува на децата да:

- Развијат самодоверба
- Почувствуваат дека се сакани,сигурни,среќни
- Вежбаат друштвени,јазични и комуникациски вештини и да развиваат нови

- Учат како да се грижат за другите во нивното опкружување
- Развијат физичка спретност и да бидат посилни
- Совладат проблеми и тешки искуства
- Забавуваат и опуштат

Детето ќе се радува на игрите со родителите бидејќи тие му се најважни во најмалите години, но понекогаш ке изберат и самостојна игра. Тогаш улогата на родителот ќе биде да дава идеи на детето, да го гледа и слуша и да гледа како детето напредува.

1.6.Облици на игра

Во споредба со развојната возраст се менуваат развојните облици на играта.

Карактеристики на функционални игри се:

- **До шест месеци**,движењата на тело
  На околу 4 месеци ,бебињата почнуваат да посегнуваат по предметите,а обично тоа е тропалка,а до 6 месеци тие можат да ја пренесат тропалката од една во друга рака со што тие прават движења на тело.

- **Од шест месеци до крај на прва година**, функционална игра со раце
  Додека лежи на грб бебето ги подига рацете и нозете и си игра со нив.
  Активно и се цел посегнува по играчките и по други предмети. Предметите ги фаќа со две раце ги префрла од една во друга рака и ги истражува со устата.Детето е се посигурно и предметите не ги фаќа со цела дланка туку со палец, показалец и средниот прст.

- **Втора година** посебно кога детето ќе прооди тоа ја „истражува„ околината,вежба фаќање и фрлање на предмети.
  Рамнотежата му е постабилна по што станува посигурно и пробува нови

работи,оди со предмет во рака без да му испадне,истражува така што го зема предметот во рака ја гледа формата,боја.

- **Во трета година** детето покажува интерес за играчки и други деца, се јавува игра со фантазија и драматизација.
  Во третата година на детето му е интересно да ги имитира различните активности на возрасните, во ваквите игри детето ја активира својата фантазија.

- **Во четврта година** почнува креативна игра и игра во група со 3-4 деца
  Детето си поставува нови предизвици и ја испитува својата моќ.Знае дека може да трча,но сака да провери дали е побрзо од своите врсници.Знае дека може да се искачи на дрво, но сака да провери дали може да се искачи баш на тоа дрво.

- **Во петта година** детето го привлекува градење и обликување, најчесто надвор од домот.
  Во овој период имаат доста развиена фантазија и сакаат да творат,да прават нови работи и во домот,но и надвор од домот.

- **Во период од шест до осум години** преовладува креативна игра и игра во која има правила, спортски игри .
  Ги учи правилата на различни игри, карти, спорт, како да постапува кога игра во група, како да чека ред, ужива кога ќе му дадеме прилика за самостојно одлучување, развива апстрактно мислење.

Игри според возраста:

Игри за бебиња

Во најраниот период за бебето важна задача е да научи да следи со поглед,да пружа рака кон предметите,да фаќа со дланката.Освен тоа му годат звуци кои го смируваат,но и привлекуваат внимание, а со тоа и му прават задоволството.

Музика, пеење, нежно тапкање по стомачето, sвончиња;
Овие активности помагаат за развивање на слух и движење.

Предмети од различна големина,облик и боја кои детето ќе сака да ги фати;
Овие активности помагаат за да се развие моториката со тоа што ќе ги фаќа предметите, ќе го истражува предметот, бојата, големината, формата.

Мебел, топки, играчки, кутии кои се распоредени низ соба така што детето ќе се држи до нив додека се исправува,стои или оди;
Со овие активности се подобрува координацијата на децатата и нивната моторика.

Игри со криење на предемти или криење на лице позади шака;
Со овие активности детете ја вежба координацијата око-рака,го стимулираат когнитивниот развој.

Лежење на стомаче на под;
Оваа активност е корисна и помага бебето да воспостави контрола на движење така што тоа ги зацврстува мускулите на врат,глава и цело тело;

Игри за мали деца

Малите деца сами учат да лазат,стојат,одат,низ игра која се повторува како и да го имитираат однесувањето кое го виделе во нивната околина.

Мали или големи работи како што се картонски кутии,кофи и топки кои се дуваат кои ќе им помагаат на децата да трчаат, да градат нешто, гураат, влечат;
Со овие активности ги подобруваат когнитивните функции, координацијата, моториката, креативноста, фантазијата, добиваат вештини за решавање на проблеми.

Дување на големи балони, возење на тротинет, трчање помеѓу дрва, трчање накај омилен предмет, по игралиште и слични активности кои се изведуваат надвор;
Со овие активности ја подобруваат моториката и просторните односи.

Ридови, тунели кои постигнуваат физичка активност како што се лазење и истражување;

Игри за предучилишни деца

Кутии, пластични лажици и вилушки, празни саксии, стапчиња, хартија, пластични кофи, стара облека за игра со улога;
Преку употреба на овие предмети им помагаат на децата да научат како да го опишат светот со имитирање на своите постапки и постапките на другите влијателни возрасни. Кукли и полнети играчки со изглед и форма на животни поттикнуваат играње и им помагаат на децата да развијат социјални и емотивни вештини и да се грижат за нешто што го сакаат.

Сложувалки и игри со спојување (пр. Животинско домино);
Помагаат да се развие помнењето и концентрацијата, помагаат при координација и умешност, и учат за просторните односи и логичкото размислување.

Пластелин и глина кои помагаат за развој на фина моторика и координација око-рака;

Омилена музика, шерпа која е идеална за удирање и правење на музика;
Со што ќе ја подобрат креативноста,финитe морторни вештини и вештини за внимание.

Топки и фризби кои поддржуваат сложени моторички вештини (шутирање, фрлање и контролирање)

1.7.Играчки

Играчките имаат значајна улога во детската игра бидејќи даваат идеја и содржина.

Детето ја персонифицира играчката,па таа е голем и значаен показател на развојот и карактеристиката на детето.

Развојот на играта и изборот на играчката се одвиваат паралелно во склад со развојот на детето.

Еден од најважните средства кои треба да им се обезбедат на децата се играчките кои се соодветни за нивната возраст, како и развојното ниво, а преку кои кај детето ќе се стимулира развојот.

Според функција играчките се делат на:

- **Играчки за вежбање и развивање на спретност**
  Со овие играчки се развиваат сите моторни вештини, координација на око-рака.

- **Играчки и средства за игра на улога**

Децата мислат имаат магична сила дека можат да се преправат во се што ќе замислат. Со играта на улога децата ги развиваат социјалните вештини, моторните, говорно-јазичните, емоционалните вештини.

Со овие играчки ги имитираат возрасните, тие се во улога на возрасни.

- **Играчки за конструкција**

Овие играчки се најлесниот начин да се развие просторното размислување на детето,моторните вештини,креативни потреби и произволни дејства,ја зајакнуваат координацијата,ја поттикнуваат креативноста.

- **Играчки за друштвени игри**

Овие играчки како што се карти,монопол,не лути се човече ги учат децата да градат стратегија,правила за преговори и фер игра,да се научи детето како да управува со емоциите што доаѓаат со победата и со губењето.

- **Играчки кои децата сами ги прават**

Преку тоа што децата ќе направат сами играчка тие ќе ја покажат својата креативност и вештина,ја користат својата имагинација за да создадат нешто.

1.8.Возраст и играчки

Во текот на развојниот период кај децата се јавува потреба за различни видови на игра па спрема тоа и критериуми за избот на играчки се разликуваат.

На детето во различен период му се потребни различни играчки кои го поттикнуваат неговиот развој и го забавуваат.Затоа играчките треба да се прилагодат на детските

потреби.

1.8.1.Прва година

Во првата година од животот на децата тие се поттикнуваат на превртување и лазење такоа што му се става играчката малку подалеку од неговата рака. Детето се подобро владее со своето тело, мотириката му е пофлексибилна, се помалку им арефлексни движења,неговото однесување станува намерно,интензивно ги движи нозете, се повеќе се витка и мавта со рачињата.

Во првата година на детето физичкиот развој е до таму што детето станува и седнува само при тоа прдржувајќи се до некој предмет,добро седи,ползи на сите четири екстремитети,слободно ги користи двете раце,може да држи лажица,подига и покажува предмети.
Социјалниот и емоционалниот развој му е развиен да детето покажува љубов кон лица кои му се познати,помага при облекување пружајќи ги рацете и нозете,сака да биде во друштво,но сеуште не ги разбира емоциите на другите,имитира гестови и звуци.

Играчките ги прифаќа со цела дланка и посебно е задоволно кога само ќе успее да го фати предметот. Ги разгледува играчките додека ги држи и често успева да ги стави во уста.
Најдобри играчки за оваа возраст се: сопствено тело, играчки со живи бои кои произведуваат звук.

1.8.2.Втора година

Дете на двегодишна возраст одлично се снаоѓа во сите улоги.Нови вештини со кои владее е фрлање на предмет во одреден правец,знае да ја фати топката,да скока како мало зајче,да оди на прсти напред и назад,да прескокнува препрека,добива чувство на ритам и игра кога ќе чуе музика.

Физичкиот развој на оваа возраст е развиен така што детето може да се качува по скали,може да се качува на стол и да седне,да носи и турка предмет,да фрла предмет,да скока,гради кули од коцки.

Социо емоционалниот развој е таков да детето бара внимание од оној кој се грижи за него,кога е уморно или исплашено оди кај тој што му е најсигурен,лесно му се одвлекува внимание,сака да се игра со други деца и да е блиску до нив,но сеуште не може да биде со нив.
Најдобри играчки за оваа возраст се:колички,звучни играчки,коцки,песок и прибор,едноставни сликовници.

1.8.3.Трета година

Децата на тригодишна возраст се многу вешти во движењата.
Физичкиот развој се гледа преку тоа што лесно трчаат потскокнуваат, одат на прсти, се качуваат по скали со наизменични чекори. Одење наназад и возење на трцикл се вистински предизвик.

Социо емоционалниот развој на оваа возраст му е развиен така што играчките не сака да ги споделува со другите,разбира едноставни упатства,доста е активно,љубопитно,се противи на ограничувањата,има добра смисла за хумор.

Најдобри играчки за оваа возраст се: автомобил, коњче за лулање, материјали за обликување, играчки од гума,делови од облека за играње игра со улога, прибор за цртање, сликовници.

1.8.4.Од четврта до седма година

Децата на четиригодишна возраст се спремни на се тие истражуваат и со голема брзина го впиваат знаењето.На оваа возраст децата се флексибилни, возбудливи и

креативни.Просторот каде што ќе се играат децата треба да биде организиран така што децата ќе се движат секаде наоколу без да се удираат.

Физичкиот развој е на такво ниво да детето само владее со телесните можности ,градат конструкции од материјали, совладуваат спортски вештини.

Социјалниот развој е добар бидејќи детето е способно да организира игри,контактите со врсниците се стабилни и појаки,детето се плаши од одвојување од родителите,но и од лоши луѓе,има контрола над сопствените емоции.

Деца на петгодишна возраст од една страна се послушни и внимателни,а од друга страна тие се склони кон експериментирање,спротивставување и не се сигурни во себе.

Деца на шестгодишна возраст веќе стануваат ривали на родителите, тие се многу живи и бучни,зборуваат,викаат,тропаати прават неред.

Најдобри играчки за оваа возраст се: велосипед, пластелин, материјал за градење, цртање,кукли, прибор за игра со улоги, санки, скии и слично.

1.8.5.Училишна возраст

Децата на училишна возраст се тивки и пасивни,а понекогаш и напнати и сакаат да ги истакнат своите посебни страни за да покажат колку се вредни,сакаат да пробаат се што можат сами.

Физичкиот развој веќе не оди толку брзо да тие растат,на момчињата им се шират рамената,а на девојчињата колковите.

Социо емоционалниот развој на оваа возраст е да децата веќе не ја изразуваат лутината толку брзо,имаат емпатиј,опаѓа егоцентричноста,во овој период ги забележуваат деталите,разликуваат и споредуваат.

Овој период се смета дека е период на средно детство кој е доста мирен во развојот на личноста на детето.

Детето сега е повнимателно и побрзо.

Нивните интереси се поврзани со природата и друштвените феномени

Најдобри играчки за овва возраст се: топка, музички инструмент, компоненти за конструирање, апарати, збирки, ТВ, лап топ.

1.9.Играта и воспитувањето на децата

Играта претставува значаен сегмент на целокупната воспитна постапка со децата преку која на детето му се овозможува да ги ослободи своите внатрешни сили и самото да учествува во процесот на воспитувањето.

Играта се смета како една од најмоќните движечки сили кај детето,а способноста на воспитувачот е она што сака да им го претстави на децата тоа го прави токму преку претстави низ игра.

1.10.Организирање на детската игра

Најважното е на децата да им се овозможи разноликост во играта со богат репертоар на ракување со предметите, развој на функции на запазување и представување,како и на прибирање и средување на искуства.

1.11.Улога на возрасните во детската игра

Возрасните во играта се јавуваат како „модел на мисловни особи„ кои импонираат со сила и способност што ги поттикнува децата да ја споредат својата сила со таа личност и да ја имитираат таа личност.

За да не се расипе ништо во играта од воспитувачите се бара снаодливост, трпение како и свест за тоа дека активноста која детето ја врши е поттикнување на неговиот развој.

2.Игровна терапија

Што е игровна терапија?

Игровна терапија е психотерапевтски пристап кој првенствено се користи за да им помогне на децата на возраст од 3 до 12 години слободно да ги изразат поттиснатите мисли и емоции преку игра.

Игровна терапија обично се одвива во безбедна,удобна соба за игри (или соба прилагодена според потребите),каде што му се подредуваат одредени правила или ограничувања на детето (не е дозволено да се кршат играчките),се поттикнува слободното изразување на детето и терапевтот може да ги набљудува детските избори,одлуки и стил на игра.

Целта е да им се помогне на децата да научат да се изразуваат на поздрав начин,да станат посреќни и поемпатични и да откријат нови и попозитивни начини за решавање на проблемите.

Терапијата со игра одговарана специфичните развојни потреби на малите деца кои често се изразуваат подобро преку игровните активности отколку преку вербалната комуникација.

Терапевтот користи игра и други креативни активности за да комуницира со детето и да го набљудува како ги користи овие активности за да ги изрази мислите и чувствата кои не се изразени со зборови.

Постојат 2 главни пристапи игровната терапија:

I. Недирективна терапија за игра е заснована врз принципот дека децата можат да ги решат своите проблеми (да најдат решение на одреден проблем) кога им се поставени вистинските услови и имаа слобода да играат со ограничена настава (и насока) и надзор.
II. Директивна терапија со игра користи поголемо присуство на терапевтот за да помогне во забрзување на резултатите.

Терапевтите кои практикуваат игровна терапија ги користат и двата пристапи во зависност од околностите и потребите на детето.

Постојат повеќе видови на терапија со игра,класифицирани во три основни категории:[2]

Директивна или структурирана терапија со игра-во која терапевтот ја има водечката улога во играта на детето,посочувајќи структура,насока и начин на интерпретација на играта. Некои од популарни форми на директивна или насочена терапија со игра се: когнитивно-бихејвиорална терапија со игра, ослободувачка терапија со игра и слично.

Недирективна терапија со игра-каде детето е црнтално поставено,терапевтот има поддржувачка, а не насочувачка игра,детето има можност самото да се насочува,води,да одбира игра која ја преферира од понудените,да одбира играчки и материјали за работа;

Семејна терапија со игра-главната одлика на оваа категорија на терапија со игра е поддршка и стимулација на врската родител-дете, со што на родителите им се помага да развијат способности за подобро поврзување со детето, воочување и решавање на бихејвиорални проблеми кај своето дете. Семејната терапија со игра може да биде насочена кон возрасните или кон децата.

Терапијата со игра се применува како изорен вид на интервенција во третманот на деца, но и возрасни во институции за ментално здравје, училишта и предучилишни установи, дневни центри, болници и сл. Истражувањата посочуваат дека терапија со игра им помага на децата да станат поодговорни за своето однесување и да развијат поуспешни стратегии,да развијат нови и креативни решенија на проблемските ситуации, да ја зголемат самодовербата и прифаќањето на себе, но и другите, да научат да доживуваат емоции и истите да ги изразуваат, да научат за емпатија и почит, да развијат нови сензомоторни способности, да ги подобрат когнитивните способности.[3]

Томас[4] го истражувал ефектот од примена на терапија со игра кај 3072 испитаника со емоционални,бихејвиорални и проблеми во менталното здравје, при што 74% од испитаниците со полесни проблеми манифестирале подобрување додека пад дури 83% од

[2] Рашиќ Цаневска О., *„Окупациона терапија“*, Филозофски факултет-Скопје, 2016год.,
[3] Reddy,Files-Hall,Schaefer,2005
[4] Thomas,2011

испитаниците со потежок облик на проблеми покажале позитивни ефекти од примената на терапија со игра.

Развојните ограничувања во експресивните и рецептивните способности, ограниченият вокабулар и ограниченото апстрактно размислувањее предизвикува отежната ефикасна комуникација на децата. Една од најголемата моќ ма играта, опишана во литературата е нејзината комуникациска моќ. Во играта децата се способни подобро да ги изразат своите свесни размислувања.

Преку индиректна експресија во играта детето може да развие свесност за проблематични влијанија и сеќавања и да започне процес на лекување (заздравување). [5]

Со специјално избрани играчки, игри и материјали преку терапевтска и природна стимулација, детето може да ги открие своите потсвесни конфликти, со посредство на одбранбените на лиќноста како што се: проекција, замена и симболизација.[6]

2.1.Дефиниција за игровна терапија

Игровната терапија е меѓучовечки процес во кој терашевтот системски ја применува силата на играта (на пример подобрување на односите, играње улоги, агресивност, комуникација, катарза, приврзаност на детето со други и т.н.) која игровната сила му помага на детето да ги реши тековните психолошки потешкотии и да го спречи нивното јавување во иднина.

Техниките за игровната терапија одредуваат како да се применуваат материјалите за игра за нивно ефикасно имплементирање во терапевтската сила на играта.

Во процесот на игровната терапија, терапевтот во текот на играта го набљудува детето за да стекне увид во проблемите на детето. Ќе набљудува и ќе забележува одредени моменти кои што можат да произлезат од траума или вознемиреност,емоционални потешкотии,проблеми во односот со родителите или социјалната средина. Потоа терапевтот го води детето во терапевтски активности за да му помогнат да се

[5] Schaefer,1999
[6] Wohl & Hightover,2001

справи со сите проблеми со кои што може да се соочи.

Терапевтот исто така користи повеќе насочен пристап кон игровната терапија за да му помогне на детето повторно да научи или да го промени вознемирувачкото однесување преку јазикот на симболичната игра.

Терапевтот треба да направи добар избор на игри кои ќе ги игра со детето и преку кои детето ќе се чувствува слободно да ги искаже своите емоции.Терапевтот низ слободната игра може да му помогне на детето на ги истражи емоциите и да се справи со нерешените трауми.

Преку играта децата можат да научат нови механизми за справување и како да ги пренасочат несоодветните однесувања.

Игровната терапија треба да обезбеди:

a. Да го олесни контактот со детето
b. Да поттикне катарза
c. Д помогне при стекнување на увид
d. Да овозможи тестирање на реалната ситуација

Придобивки од терапијата со игра се:

- Преземање поголема одговорност за одредени однесувања
- Развивање стратегии за справување и вештини за креативно решавање на проблеми
- Самопочит
- Емпатија и почит кон другите
- Ублажување на анксиозност
- Учење целосно доживување и изразување на чувства
- Посилни социјални вештини
- Посилни семејни односи
- Да поттикне употреба на јазик или да ги подобри фините и грубите мотони вештини

2.2.Кога се користи терапијата со игра?

Терапијата со игра им помага на децата со социјални или емоционални потешкотии да научат подобро да комуницираат, да го менуваат своето однесување,да развиваат вештини за решавање на проблемите и да се однесуваат применувајќи позитивни социјални вештини. Често се случува децата да преживеат или да бидат сведоци на стресни настани во нивниот живот,како што се сериозни болести или хоспитализација,семејно насилство,злоупотреба,траума,семејна криза или вознемирувачка промена во нивното опкружување.

Терапијата со игра може да им помогне на деца со академски и социјални проблеми, проблеми со учењето, пореметувања во однесување, анксиозност, депресија, тага, бес, како и оние со нарушувања на дефицит на внимание или состојби како што е аутизам.

Игровната терапија најдобро е да ја користат деца кои покажале одредени психосоцијални проблеми како што се вознемиреност,проблеми со интеракцијата или одговор на стравот,дете кое има проблем да комуницира со своите врсници или што се откажува од возрасните,дете кое се соочило со траума што не може да ја артикулира, дете кое има проблем во изразување на емоциите.

Повеќе од 60 години игровната терапија претставува применлив и популарен начин за работа со деца, но воедно и популарен начин за лекување на децата во клиничката психотерапевтска пракса.

Бидејќи децата се уште го немаат развиено апстрактното расудување и вербалните способности за соодветно артикулирање на нивните чувства, мисли и однесувања игровната терапија се покажала како особено корисен пристап.

За децата играчките се нивни зборови, а играта е нивниот разговор.

Игровната терапија помага за подобрување на целокупното функционирање на личноста на детето. Тука се вклучени сензорно-моторниот дел,емоциите,когнитивниот развој и ускладеното однесување.

Преку игровната терапија се совладуваат емоциите, се поттикнува позитивното чувство како што се радост задоволство,љубов и позитивно прифаќање. Со оваа терапија се искажува внатрешниот свет и емоциите на детето.

Игровната терапија дава оптимални услови за да се открие сопственото „JAC„ на детето и да се развие способноста за симболизам.

Играта која ќе се изведува при терапијата со игра ќе биде ограничена со праавила, време, простор.

Адаптирање на децата во процесот на терапија

На почетокот е потешко да се адаптираат децата со оглед на тоа што многу од нив имаат страв од сепарација. Може да се појават емоции на страв и вознемиреност и во тој случај терапевтот мора да направи рефлексија на неговите чувства и да му помогне на детето со тоа што ќе му каже „Гледам дека си вознемирен затоа што мама отиде,во ред е да бидеш тажен,но таа ќе се врати,а додека да дојде таа јас ќе бидам тука за тебе„. На детето мора да му се покаже дека има соодветна замена од некој што ќе се грижи за него.

2.3.Што да се очекува од игровната терапија?

Родителите или старателите играат важна улога во терапијата за деца. По спроведување на првичното интервју со родителот, кога терапевтот собира информации за детето,а честопати и посебно интервју со детето, терапевтот може да направи проценка пред почетокот на третманот.

Оценувањето му овозможува на терапевтот да одлучи за најдобар пристап за третман на детето.

Во просторија за игри детето се охрабрува да игра со многу специфични видови играчки кои го поттикнуваат самоизразувањето и го олеснуваат учењето на позитивното однесување.

Уметност, музика, танцување, раскажување приказни и други алатки исто така може да се вклучат во терапија со игра.

Терапијата со игра најчесто се прави во неделни сесии во просек од околу 20 сесии кои траат од 30 до 45 минути.

2.4.Терапевт

Терапевти кои практикуваат игровна терапија се добро обучени во области како што се развојот на детето (развојна психологија), емоционална приврзаност (атачмент) и употреба на играта како начин за комуникација со деца.

Терапевтот исто така треба да биде обучен во претпазлив терапевтски пристап,како што е детската когнитивно-бихејвиорална,семејна и системска или гешталт терапија.Во прилог на наоѓање на некој со соодветно образование и релативно искуство.

2.5.Како треба да изгледа средината за игра

Собата за игра треба да биде безбедна и комфорна.Многу е важно средината во која ќе се довива игровната терапија да биде просторно организирана така што нема да има на дофат многу предмети што би го одвлекувало вниманието на детето.Од фокусот треба да се отстранат другите предмети бидејќи кога се почнува со една игра целото внимание се насочува кон таа игра.

3.Жан Пијаже

Жан Пијаже е роден 9 август 1896 година во Нојшател,Швајцарија,тој е развоен психолог и филозоф,познат по својата теорија за когнитивен развој и бројни експериментални истражувања за ментални способности на мали деца.

Тој е најстариот син на Артур Пијаже кој бил професор по средновековна литература и Ребека Џексон.

Пијаже многу рано развил интерес за биологија и природниот свет. Неговиот ран интерес за зоологија му донел репутација откако објавил неколку статии за мекотели на 15 годишна возраст.

На 15 годишна возраст Пијаже бил фасциниран од еден инцидент каде тој формирал сеќавање за инцидент на киднапирање, тој се сеќавал дури и одкако сфатил дека инцидентот е лажен. Тој настан бил кога неговата дадилка им напишала на неговите родители да им се извини дека таа ги излажала за некој настан со киднапери кои сакале да го киднапираат Пијаже кој бил во количка.

По завршување на гимназиско образование се школувал на универзитетот во Нојшател,а кратко студирал на универзитетот во Цирих. Потоа тој од Швајцарија се преселил во Париз, Франција, каде по дипломирањето предавал во училиште за момчиња.Училиштето било водено од Алфред Бинет, развивачот на тестот Бине-Симон (подоцна ревидиран од Луис Терман за да стане разузнавачка скала Стенфорд-Бинет). Пијаже помогна во означувањето на тестовите за интелигенција на Бине. Пијаже забележал дека малите деца постојано даваат погрешни одговори на одредени прашања, додека тој помагал да се обележат некои од овие тестови.

Пијаже не се фокусирал толку на фактот дека одговорите на децата се погрешни, туку дека малите деца постојано прават видови на грешки кои постарите деца и возрасните успеваа да ги избегнат. Ова го доведело до теоријата дека когнитивните процеси на малите деца се инхерентно различни од оние на возрасните.

Тој дипломирал во 1915 година,а во 1918 година ја одбранил својата докторска теза за полжави од долината Вале.

Во 1921 година, Пјаже се вратил во Швајцарија како директор на Институтот Русо во Женева. Во тоа време, институтот бил раководен од Едуард Клапарде. Пијаже бил запознаен со многу идеи на Клапаред. вклучувајќи го и оној на психолошкиот концепт „пипкање“ кој беше тесно поврзан со „проби и грешки“ забележани во човечките ментални обрасци.

Во 1923 година, тој се оженил со Валентин Шатенај (7 јануари 1899 година - 3 јули 1983 година)

Од 1925 до 1929 година, Пијаже работел како професор по психологија, социологија и филозофија на науката на Универзитетот во Нојшател.

Во 1929 година, Жан Пјаже ја прифати функцијата директор на Меѓународното биро за образование и останал на чело на оваа меѓународна организација до 1968 година.

Откако предавал на Универзитетот во Женева и на Универзитетот во Париз во 1964 година, Пјаже бил поканет да служи како главен консултант на две конференции на Универзитетот Корнел (11-13 март) и Универзитетот во Калифорнија, Беркли (16-18 март) . Конференциите се осврнале на односот на когнитивните студии и развојот на наставната програма, и се стремел да ги замисли импликациите на неодамнешните истражувања на когнитивниот развој на децата за наставните програми.

Во 1979 година ја добил Балзановата награда за општествени и политички науки. Починал во 1980 година и бил погребан со своето семејство во необележан гроб во Cimetière des Rois (Гобишта на кралевите) во Женева, по негово барање.

Денес се смета за најзначаен развоен психолог кој 40 години ги посветил на проучување на детското мислење.

4.Теорија на Пијаже за когнитивен развој

4.1.Што е когнитивен развој?

„Когниција е структура,а афект е енергија." -Жан Пијаже

Когнитивен развој е област во психологијата во смисла на обработка на информации,способност за перцепција,концентрација,внимание,ориентација,учење на јазик и останати аспекти на развојот на мозокот и когнитивната психологија.[7]

Когнитивниот развој претставува способност за разбирање и осмислување на светот околу нас.

Објаснување на развојот може да се согледа низ три прашања:што се развива,што влијае на појавата,текот и исходот на развојот и кои механизми се користат за да се реализира развојната промена.

Фактори на развојот се делат во 3 големи групи:

- Биолошки фактори (генетски и органски фактори)
- Средински фактори (физичка,социјална и културна средина)
- Активност на самата единка (интерактивност)

Механизми на когнитивниот развој се дефинираат како ментални процеси кои ги унапредуваат способностите на децата за да когнитивно ги обработуваат податоците.

Една од најсложените и највлијателните теории на когнитивен развој е онаа чиј автор е Жан Пијаже.

Според овој биолошки ориентиран теоретичар, когнитивниот развој е спонтан,саморегулирачки процес кој што е определен од инхерентни фактори и механизми на организмот.

Функциите се процеси кои го поттикнуваат човековиот развој. За Пијаже интелегенцијата е еден пример биолошки систем,па така и две основни функции се земени од биологијата

[7] Piaget, 1960; Pijaže i Inhelder, 1978

- Организација се однесува на фактот дека сите когнитивни структури се меѓусебно поврзани и дека секое ново знаење мора да се вклопи во постоечкиот систем. Пијаже вели дека суштината на интелегенцијата не лежи во научени одговори или изолирани сеќавања туку во нејзината организација која има форма на различни когнитивни структури кои детето ги конструира во текот на неговиот развој.
- Адаптација според Пијаже човечката интелигенција е систем на адаптација кој му овозможува на човекот да се прилагоди на околината и да преживее.

Пијаже сметал дека когнитивниот развој се состои од развој на логички компетентности и дека развој на овие способности се одвива низ четири основни стадиуми.

Когнитивниот успех на детето зависи од стадиуми на неговиот развој, а не од специфичност на задачите кои тоа ги изведува.

Пијаже го проучувал процесот на мислење кај децата и приметил дека одговорите на малите деца квалитативно се разликува од одговор на возрасните што го навело да размислува за тоа дека малите деца немаат помалку развиена интелигенција туку тие одговараат на поставеното прашање на друг начин и мислат на друг начин,односно заклучуваат во склад со своите дотогашни сознанија или искуства. [8]

Својата теорија на когнитивниот развој ја проучувал низ анализа на когнитивниот процес како и низ анализа на стадиуми, односно степени на развој на дефинирана возраст.

4.2.Процес на когнитивен развој

Како биолог, Пијаже го интересирало како организмот се адаптира на надворешна средина (Пијаже оваа способност ја нарекол интелигенција). Однесувањето односно адаптација на надворешната средина го анализирал низ проучување на менталниот процес кој го нарекол шема,а индивидуата го користи во своите представи за светот и посакуваните дејства.

Тој предпоставил дека децата се јавуваат со шема која веќе можат да ја користат по раѓањето и нив ги нарекол рефлекси. Малите деца ги користат рефлексите во целта на

[8] Pijaže, 1972; Ivić, 1993; Matejić Đuričić, 1991; Matejić Đuričić i Stojković, 2012

адаптација на надворешната средина, но многу брзо се заменуваат сп конструктивна шема за разлика од животните чие однесување овие рефлекси се пристутни низ целиот живот.

Пијаже опишал два процеса кои индивидуите ги користат со цел да се обидат на адаптација а тоа се: асимилација и акомодација.

Двата процеса се користат во текот на животот,односно во текот на адаптација на надворешната средина.

Асимилација се појавува кога нови податоци се презентираат на некоја личност.Личноста почнува да ги интегрира новите податоци во постоечките шеми. **Акомодација** е процес на промени на когнитивни шеми со цел да се прифатат некои појави од околината.

Двата процеса се користат истовремено и наизменично, во текот на целиот живот. Како шеми тие стануваат се посложени и се формираат структури.Како структурите стануваат се посложени тие се организираат на хиерархиски начин.

Теоријата на Пијаже е пример на интеракциска и конструкционистичка перспектива. Главни концепти на оваа теорија се:

- **Шема**: Основна единица на психолошкото функционирање.Мисловна репрезентација која е резултат на перцепција, идеја или реакција.
- **Адаптација**: Двонасочен процес составен од процесите на асимилација и акомодација.
- **Асимилација**: Користење на стара шема за нов објект. Процес со кој личноста ги освојува материјалите од околината кои се вметнуваат во веќе постоечки шеми, односно знаење.
- **Акомодација**: Процес на менување на стара шема за да одговара на новиот објект.Промени кои го составуваат мислењето на личноста,стекнати по патот на процес на асимилација.Неопходно е да се сфати дека асимилација и акомодација одат заедно,не можат да постојат една без друга.
- **Еквириблиум** (урамнотежување): Баланс помеѓу постоечки шеми за акција и новите средински искуства.
- **Дизеквириблиум** (нерамнотежа): Непријатна состојба која го мотивира детето да дејствува за да се адаптира на средината.

- **Класификација**: Способност на групирање на на објекти на основа на нивни заеднички особини.
- **Инклузија**: Разбирање,понапредно во однос на едноставна класификација така да самите класи или групи на објект на субкласи се класи пр.класа која се вика куче,а постои класа и која се вика животно и таа класа ја опфаќа класата на кучињата
- **Конзервација**: Појава која предметите или појавите исто ги вика кога го променат надворешниот изглед,односно кога во различни ситуации имаат различни улоги.
- **Децентрација**: Способност за преместување од еден систем на класификација кон друг.
- **Егоцентризам**: Верување на една личност дека е центар на универзумот и дека се зависи од неа,т.е. подразбира и неможност за разбирање дека и другите луѓе можат да имаат свои ставови,односно неспособност на адаптација за таква појава.Поимот не значи „себичен„ туку повеќе е развојна фаза на детето.
- **Операција**: Способност да се направи нешто без надворешни активности (Пр. Кога е во прашање мало дете тоа не е во состојба да собере два броја во глава па да каже само резултат, обично ги користи своите прсти во собирање, подоцна како расте операциите ги изведува без надворешни активности.)
- **Стадиуми**: Периоди во детскиот развој во кој се подразбираат некои работи кои одговараат на развојното ниво, но не и некои комплицирани.

4.3.Стадиуми на когнитивниот развој

Според Пијаже сите деца поминуваат низ исти фази на развој по ист редослед.Овие стадиуми имаат одредени општи својства:

- Структурни единици или организирани системи на мислата кои водат до конзистентност во размислувањето на детето во одредена фаза.Акциите или операциите се меѓусебно поврзани и организирани така што тие формираат единствена структура категорична за одредена фаза.
- Хиерархиска интеграција значи дека преминост од една во друга фаза не е само додавање на нова на стара фаза, туку пред се реорганизација што ја заменува помалку развиената фаза.

- Да се појават по непроменлив редослед.Секој човек оди чекор по чекор низ фазите,односно не може да се прескокне една фаза или да се оди на друг начин.

Когнитивниот развој е универзален и ист кај сите луѓе.Основна законитост на овој тек е непроменлив,константен редослед на развој на стадиумите.Постои само еден можен тек на развој на мислење кој е условен од внатрешната природа на самото мислење.Она што може да се менува е темпото,брзината,возраста на која се достигнуваат развојните стадиуми.Треба да се напомене дека наведената возраст на преминување на стадиумот треба само условно да се сфатат бидејќи се индивидуални варијации големи во тој поглед.

За Пијаже важен е непроменив редослед на стадиуми, а не возрасната граница.

4.3.1.Сензомоторен стадиум

Претставува период од раѓање до 2 годишна возраст. Интелектуални реакции се сведуваат на координација на сензорни искуства и едноставни моторни однесувања. Познавање на светот е ограничена на телесна интеракција на луѓето и предметите.

Во текот на сензомоторниот период децата се зафатени со откривање на односот помеѓу нивните тела и средината.Детето гледа,допира,чувствува и ги користи своите чувства со цел да се научи самиот себе,како и средината.Самото име на овој стадиум укажува на тоа дека рани манифестации на интелигенција се појавуваат низ набљудување и моторни активности.

Во оваа доба децата ги развиваат своите когнитивни способности во опсег од први рефлекси и навики се до први истражувања на предмети кои ги опкружуваат и обиди за оргинална манипулација над нив.

Може да се каже дека детето интелектуално се однесува бидејќи:

a. Решава практични проблеми (фаќа далечни или скриени предмети)
b. Поседува интелектуално оружје (сложен систем на шеми)
c. Доаѓа до структурна реалност (организирање на објект и простор)

На крајот на вториот месец од животот се појавуваат примарни циркуларни реакции,примарни бидејќи подразбираат присуство на сопственото тело,а циркуларни бидејќи се формира круг на акција-реакција (Пр. Иако сисање на прстот првобитно настанал како рефлексна работа,детето тогаш почнува да ја повторуваа таа работа намерно).

Во текот на третина од првата година на детето,тоа почнува да комуницира со надворешната средина и да ги прави секундарните циркуларни реакции (Пр. Се развива координација на две шеми гледање и фаќање).

При крајот на првата година детето почнува самостално да ги открива стимулите,а не само да одговара на нив.

Во текот на првата половина од втората година на животот на детето, тоа уште повеќе со ентузијазам продолжува со своето откривање на светот.И покрај тоа што сака да одговори на стимулот исто како предходно сега се обидува со различни процедури да дојде до слично дејство.Интересирање за ново се воочува низ терцијална циркуларна реакција.

Во овој период интелигенцијата се демонстрира низ моторни активности без употреба на симболи. Сознавање на светот е ограничено но се развива затоа што е засновано на соматска интеракција,односно искуство. Низ бројни експерименти детето развива концепти за својата посебност бидејќи открива дека надворешниот свет не е негово продолжение туку дека тоа и надворешниот свет се две одвоени работи. Детето открива дека и еден објект може да се пренесе со помош на раце и да развива способности на поместување на тело.

Детето развива и концепт на перманентност на објектот и се појавува потреба за директно групирање. Во текот на оваа активност детето ќе изучува каде го водат сопствените движења на рацете и со тоа да учи нови значења на индивидуални моторни активности. Така на пример може да го повлеќе предметот кон себе со употреба на некој конец кој

излегува од играчката, да да ја движи тропалката за да произведе звук и слично.[9] Мислењето надминува „сега и овде“, а важен услов за тоа надминување е способност на репрезентација на одсутност.

4.3.2.Предоперативен стадиум

Представува период на рано детство од 2 до 7 години.Во овој период когнитивниот развој се демонстрира низ употреба на симболи,јазикот биднува се позрел,а се развива помнење и фантазија.

Својството кое го одредува почетокот на предоперативниот стадиум е јавување на симболички функции.Пијаже симболичката функција ја одредувал како способност да се нешто (предмет,личност,случка итд.) што не е непосредноприсутно да се претстави со помош на ознака-ментална слика,симболичка игра,јазик,гестови и др.
Облици на симболички функции се:

- Одложена имитација:Е способност на гестовно поддржување или замислена случка која веќе се случила.Додека детето го набљудува некое однесување тоа формира ментално запазување на таа случка (која подоцна го контролира неговото однесување).Така да поддржувањето не е веќе непосредно во присуство на модел,туку станува можно и одложено во отсуство на модел.
- Ментална представа или слика.Менталната слика овозможува надминување на ограничувањата на сензомоторното „овде и сега„ функционирање.Менталните слики овозможуваат децата да ги предвидат случувањата кои се повторуваат и однапред да ги планираат своите акции.
- „Како да„ игра во која детето го прилагодува светот со својата фантазија и потреба приота занемарувајќи го објекнтивното својство на предмет со кој се игра,да постапува со него како нешто друго „кобајаги/набожемски„ (Пр. Дете од 3 години зима метла и ја јава како да е коњ)

[9] Piaget, 1951

- Графичка репрезентација (цртеж)
- Говор

Сите овие фази се јавуваат истовремено и означуваат премин на следниот стадиум.

До 7 годишна возраст децата расудуваат прелогички ,а тој недостаток го надокнадуваат со механизмот на интуиција.Најважни карактеристики на интуитивно мислење се:

- Неосетливост на противречност (и на сопствени и на туѓи,како во комуникација така и во решавање на проблеми).Најчести причини на противречност кај децата се заборавање,истовремено постоење на зрели и примитивни сфаќања,неодредени поими,вржаност за податоци што ги набљудува.
- Набљудување и перцептивно искуство доминира во предоперативното интуитивно мислење.
- Детето суди за секој момент или за секој процес изолиран од други.размислува за секоја состојба за себе,независно и неповрзано од останати.
- Интуитивното мислење останува преоперативно бидејќи му недостига поврзан систем на координирани ментални операции.

Детето не го прилагодува својот говор на слушателот,тоа се однесува како слушателот да знае се што и тоа знае (говорот е скратен,фрагментиран и неразбирлив). Иако детето е во состојба да направи разлика помеѓу себе и објектот,тоа не е во состојба да направи разлика помеѓу себе и објектот,не е во состојба да каже ниту едно друго доживување.Тоа има само една точка на гледиште-своја сопствена и тешко му е да го разбере сфаќањето на другите.[10]

Тоа нема да биде во состојба да ја решава оваа задача се додека не се ослободи од перцептивниот егоцентризам и не се стекне со способност да ја замисли точката на гледиште на другиот, т.е. додека не се децентрира.

[10] Ivić, 1978; Piaget & Inhelder, 1969; Pijaže i Inhelder, 1978

На мало дете му е тешко да го замисли психолошкото доживување на другите луѓе,се однесува како да сите го гледаат што тоа го гледа,сите чувствуваат што тоа чувствува.

Лево и десно не се сфаќаат како релативни туку како апсолутни поими (околу 4 и 5 години децата ќе знаат да ја покаќат својата лева и десна рака,а околу 7 и 8 години ќе знаат дека десна рака на личноста која е спроти се наоѓа спроти неговата лева рака).

5.Центрација на детска мисла

Егоцентричниот став на детето е посебен пример на многу општи својства на преоперативност, детето не е во состојба во истиот момент да разгледува два аспекта на една ситуација. Се фокусира на еден уверлив аспект на предмети или една ситуација, а се занемаруваат други важни аспекти.

Мислата на детето е прикована за оние аспекти за ситуации кои се најупадливи.

Вниманието е центрирано за само еден аспект на ситуација која ја набљудува,така да тоа не е во состојба да земе во обзир и други аспекти т.е. ситуации кои се важни за да се правилно сфати.Бидејќи не може да се усмери на два аспекта истовремено,тие не поседуваат ниту можност за конзервација (количина,должина,тежина,волумен на предмети)

Конзервација е разбирање на квантитативни својства на предмети (број, количина, тежина, волумен) дека тие не се менуваат и покрај промените во неговиот надворешен изглед.

Дете на преоперативен стадиум не е во состојба да увиди дека некои количини (број, должина, површина, количина на течности, тежина) останува непроменета, сочувана и покрај промените во изглед.

5.1.Иреверзибилност (неповратност)

Оваа карактеристика на предоперативно интуитивно мислење е недостаток на систем на поврзани и координирани ментални операции. Тоа е главната причина поради која детето не е во состојба да ја врати операцијата назад на почетната состојба. Односно кај детето не постои способност да се земе во обзир обратните операции кои повторно ја воспоставуваат почетната состојба.

Детското мислење секогаш оди во еден правец,правец во кој акцијата се одиграла во вистинскиот живот,не може да замисли како ако акцијата се врати на почетокот.

5.2.Специфични облици на детското сфаќање на појава

Поради конфузија на субјективниот и објективниот свет доаѓа до субјективизација на објективниот свет и објективизација на субјективниот свет.Таа конфузија на субјект и објект доаѓа до израз во одредени специфични облици на детското сфаќање и објаснување на појавата.

5.3.Анимизам

Се однесува на склоност на децата да на неживите работи дадат облик на живи.Најчесто се јавува кога детето објаснува појави кои се за него далечни и непознати. Пример:Сијалицата е жива бидејќи свети,часовникот е жив бидејќи чука и слично.

Во текот на преоперативниот стадиум доаѓа до тргање на анимизам.Во почетокот детето мисли дека сите предмети кои вршат некои активност се живи ,потоа дека се живи движечките тела кои наизглед се движат сами од себе (ветер),небески тела. Пример: Месечината не прати додека шетаме,а се враќа кога и ние се враќаме.Сепак не

треба да ги мешаме со детските фантазии во игра,тоа се однесува на појавата да детето некои работи ги оживува затоа што така ги сфаќа.

5.4.Реализам

Е склоност децата на субјективните појави да даваат објективност т.е. да ги сместат надвор од субјектот.

Пример: Сонот е тука преку ноќ,на креветот,лебди,можно е да се види,детето е убедено дека и возрасните можат да го видат.

Реализмот се манифестира во детските сфаќања на природата на мислење,сонови и имиња на предмети.

1. Реализам на мисли-на мала возраст детето смета дека тоа мисли со усните, гласот, потоа со мали усни или глас кои се наоѓаат во глава.
2. Реализам на сон-децата мислат дека соновите во текот на сонување влегуваат во соба,а потоа соновите излегуваат од глава и лебдат за да можат да ги видат и другите луѓе
3. Реализам на имиња-имињата на предметите се гледаат како физичка одлика на предмети. Имињата постојат од настанокот на предметите, тоа име е невозможно да се смени, тие имиња се природно обележување на предметот,секој предмет си го знае своето име. Ако детето го прашаме дали куќето можеме да го кажеме мече тоа ќе негира.

5.5.Артифицијелизам

Представува склоност децата да го сфатат светот како плод на човечката делатност т.е дека е направен од непознати луѓе.

Мислењето е во конкретна форма. Доминира егоцентризам, т.е. детето е окупирано со себе. Егоцентризмот представува неспособност детето да доживее работите или да ги

разбере од гледна точка на другата личност бидејќи е уверено дека неговиот став е единствен и можен. Овој стадиум се одликува си развој на говор. Мислењето во текот на овој стадиум е прелогичко или семилогичко.

6.Стадиум на конкретни операции

Подразбира доцно детство и рана адолесценција, односно период од 7 до 11 години. Овој стадим го одликуваат седум форми на конзервација (број, должина, тежина, простор, маса, волумен) когнитивниот развој се демонстрира со логичка и систематска манипулација на симболи кои се во врска со конкретни објекти.

За разлика од сензомоторната интелигенција која оперира со набљудување и практична акција, овде има конкретни операции.

Според Пијаже „Операција е акција која може да се врати на својата почетна точка и може да биде интегрирана со други акции кои исто така поседуваат одлика на реверзибилност.„ Под операција се подразбираат различни облици на ментални дејства со кои децата ги решаваат проблемите и донесуваат заклучок.

Во текот на овој стадиум детето почнува да размислува логички и кохерентно да ги организира мислите. Тоа развива операционално мислење и детето ги разбира реверзибилните ментални активности.

Егоцентричното мислење постепено исчезнува ,но и понатаму постои така наречен егоцентризам на училишна возраст.Сега се однесува на слепо почитување на павила и неможност детето да се спротистави на овие правила ако е тоа за општо добро

Во овој стадиум менталните операции овозможуваат логично решавање на проблемите со конкретни предмети. Исто така сега во овој стадиум детето ја разбира задачата со чашите.

Основни својства на конкретни операции се:

1. Реверзибилност: Е основен критериум за разликување на операционални од преоперационални репрезентации.Реверзибилно оперативно мислење може слободно да се движи од почеток кон завршеток и обратно,кај почетна состојба на

иста трансформација (Пример: Логичко или математичко собирање може да се преокрене кон одзимање)

2. Образование на комплетни системи во кои ниту една операција не постои издвоена, туку секогаш се образува во рамка на цела класификација во која припаѓаат на пример роднинска релација (брат, чичко итн.) може да се сфати само ако се земе во предвид целокупната релација која заедно го сочинува системот на сродство.

6.1.Образување на поимот број

Поимот број е синтеза на операција на класификација со серијација.
Дете на преоперационален стадиум знае да брои, но тоа не значи дека има поим за број.

Дете на кое мислењето му станало операционално, наместо несистематски обиди и грешки ќе ја реши задачата систематски.Тоа значи дека детето сфаќа дека елементот во серијација на одредени положби истовремено е поголем од претходниот, а помал од наредниот елемент.

Природниот број е изведен од операција на класификација, а реден број од операција на серијација.

7.Стадиум на формални операции

Подразбира последна фаза од развојот,адолесценција и возрасна доба, од 12 до 18 години. Стадиумот на формални операции се смета за финален стадиум во теоријата на Пијаже. Во овој стадиум интелигенцијата се демонстрира низ логичка употреба на симболите кои се во врска со апстрактни концепти.

Овој стадиум се карактеризира со способност за формулација на хипотези и системско тестирање на истите со цел да постигне одговор за задачата.

Во рана фаза на овој стадиум постои враќање на егоцентричното мислење. Во текот на овој стадиум индивидуата развива способност да размислуваат спротивно на фактите. Тоа значи да ако на детето му дадеме изјава и ако го замолиме да ја употреби како база во аргументи тие се способни да ја извршат задачата. На пример индивидуите можат да раководат со изјавите како што е: Што би се случило доколку снегот би бил црн. Спрема истражувањата 35% од матурантите во индустриско развиентите држави го постигнуваат стадиумот на формални операции,многу луѓе не мислат на формалниот начин ни во текот на возрасната доба.

Во оваа фаза се појавува способност да се размислува за можното не само за реалното. За прв пат детето може да ги следи формалните аргументи, а да ги занемари специфичните содржини. Оваа ослободување од содржини е главна карактеристика на оваа фаза.

Во период на адолесценција доаѓа до квантитативен скок во интелектуалниот развој:премин од конкретни кон формални операции

Карактеристики на формално мислење се:

- Способност за апстрактно мислење. Се јавува хипотетичко дедуктивно мислење, адолесцентите се во состојба да експерементираат со мислите, да формулираат хипотези кои подоцна ги проверуваат. На тој начин адолесцентите прават своја теорија за појави, нивна поврзаност и импликации како и различни исходи на еден процес. Поради апстрактното мислење адолесцентите се во состоба да разбираат метафора,поговорки и аналогија на сите видови,да уживаат во иронија и сатир.
- Одвојување на форма од содржина. Адолесцентите малку внимание даваат на содржина на проблемот бидејќи првенствено се преокупирани со неговата форма со искази, идеи или хипотези за објекти.
- Поголема флексибилност во мислење.Во период на рана адолесценција (12-13 години) личноста не може да разбере дека проблем може да има повеќе од едно решение, личноста размислува екстремно (или црно или бело) и не разбира дека постојат делови помеѓу екстремното (нијанси на сиво).

  Веќе на 14-15 годишна возраст младата личност станува свесна за тоа дека постојат различни погледи. Мислењето станува креативно, критичко, прагматично.

- Се појавува димензија на иднина. Во адолесценција временската димензија се проширува така што опфаќа и блиска и далечна иднина. Адолесцентите стануваат преокупирани со претходни иднината, планирање и предвидување.
- Се појавува димнезија на можно. Најважна карактеристика на мислење во адолессценција е оваа.Адолесцентот паѓа од онаа што е можно и потоа проверува и соредува со претходни искуства или со податоци кои го опкружуваат. Димензии на можност и иднина им овозможува на адолесцентите да ја разберат и да ја формулираат друштвената теорија и „активно да учествуваат во идеологијата на возрасните што обично оди со желба да го менуваат друштвото со што би го уништиле за да направат подобро.„[11]

8.Развој на сфаќање на каузалност

Според учењето на Пијаже детското толкување на настаните е сосема специфично. Специфичност по тоа учењето би било тоа што детското толкување е прекаузално.

Прекаузалното го прави тоа што детето наместо објективен физички примерок при толкување на разни појави водат кон психолошки мотив. До такви уверувања се доаѓа ако децата поставуваат прашања за настанокот на небесни тела, за сонце, месечина, за движење на река итн.

До 8 години од животот детето сака да ја исклучи секоја случајност, се сака да објасни со некоја причина.Кај деца во предучилишна возраст наидуваме на некои специфични толкувања на каузалниот однос.

- Психолошка каузалност е најнискиот тип за објаснување на каузалност кој подразбира објансување кога детето на природните предмети им дава човечки моти („Ноќта доаѓа за да можеме да спиеме.„).
- Финално објаснување е кога детео некоја појава ја објаснува со крајни резултати („Реката тече за да се влие во море„).

[11] Пијаже,1980

- Феноменолошка каузалност е кога детето од две појави кои се одигруваат истовремено,едната ја прогласува за причина или кога две почнати појави ги поврзува,а меѓу нив нема никаква врска (Ги забележува треперењата на листовите кога дува ветерот и го сфаќа тоа како треперењето да го прави тоа што дува ветер).
- Магизам е уверување дека гестикулирање, движење и зборови магично делуваат („Сонцето се движи бидејќи јас трчам„).
- Партиципација е кога детето смета дека две појави кои се исти само по вид исто така се материјално исти (Кога детето ќе каже дека „Сенката е под дрво како дел од ноќта„).

9.Експерименти на Пијаже

Методот на работа на Пијаже во конципирање на теоријата подразбирал интервјуирање на децата. Неговиот клинички метод го дозволувал флексибилниот однос со децата одколку формалното лабараториско тестирање.

На почетокот ги набљудувал само децата во кругот на нивниот дом,а подоцна во другите фази на развојот им задавал задачи за да би дошол до одговор на кој начин децата мислат и со што нивното мислење се раководи.

Во кругот на овој концепт исто толку важно колку и анализата на стадиумот се покажала и анализата на детскиот успех во специфични задачи во кругот на индивидуални стадиуми.

Најважен пример на тие задачи биле вржани за постојаност на објектот,конзервација и серијација.

a. Постојаност на објектот

   Објектот е нешто што индивидуата го набљудува, што има сопствена реалност и што се јавува во текот на директна перцепција. На раѓање детето нема свест за објекти кои се различни од просторното рефлексно ниво. Детето не е во состојба да се разликува себе си од средината и нема концепт за објектите. Доколку надворешната средина претстави некој објект тоа нешто најверојатно е за гледање,

фаќање, нешто што причинува рефлексен одговор.

Постојаност на објектот е свест дека еден објект продолжува да постои и кога не е во видно поле.Кај мали деца до 6 месеци кога играчка ќе се покрие со парче од хартија, тие веднаш прекинуваат со гледање, тоа е незаинтересирано за играчката.Како детето расте,кога играчката ќе се сокрие тоа активно ќе ја тражи и ќе сфаќа дека играчката продолжува да постои и кога е покриена. По 12 месеци од животот детето во сите ситуации секогаш успешно ја решава оваа задача.

b. Конзервација

Е сознание дека количината односно износот не се менува кога ништо нема да му се додаде или одземе на објектот или на група на објекти, дури кога се промени нивната форма,односно просторната организација. Кога детето ќе сфати дека кравата ја јаде истата количина на трева без разглика на просторната локација,тоа може да го конзервира просторот.

Конзервација на броеви се развива прва на восраст од 5 до 6 години,простор од 7 до 8 години,течност од 9 до 10 години и волумен од 11 до 12 години.

c. Серијација

Претставува способност на организирање на ментален собир на елементи во однос на зголемување,односно смалување на величина,тежина или волумен.Детското сознание за серијација се гради во текот на годините.Секое напредување е нова рамнотежа во мислење на детето.Серијација на должина се постигнува во текот на 7 или 8 години.

10.Игровната терапија низ концептот на развојните стадиуми на теоријата на Пијаже

Играта има улога во целокупниот развој на детето.

Игровната терапија помага за подобрување на целокупното функционирање на личноста на детето. Тука се вклучени сензорно-моторниот дел, емоциите, когнитивниот развој и усклаeното однесување.

Преку игровната терапија се совладуваат емоциите,се поттикнува позитивното чувство како што се радост задоволство,љубов и позитивно прифаќање. Со оваа терапија се искажува внатрешниот свет и емоциите на детето.

Игровната терапија дава оптимални услови за да се открие сопственото „JAC„ на детето и да се развие способноста за симболизам.

- **До 18 месеци** – Детето во овој период го запознава светот околу себе по пат на сетилата и манипулација со објектите. Поради тоа основните канали за информација се мирис, вид, слух, вкус и допир, поради тоа играчките би требало да го стимулираат овој вид на спознавање.

  Најадекватен вид на играчки во овој период се шарени различни текстури и облици кои најчесто создаваат некои звуци, некршливи огледала, целофани за пакување, а се препорачува детето преку играчките да биде изложено на различни ,мириси и вкусови.Како детето учи да лази и да оди дијапазонот на игрите се проширува на сложување на големи коцкин прстени, а подоцна и на сортирање на облици. На овој начин се развиваат фините моторна вештини и се учи за односите помеѓу објектите.

  Исто така картонските и платнените картици со препознатливи ликови го поттикнува препознавањето на објектите и го развива говорот.

- **Од 18 месеци до 3 години** – Во оваа фаза се развива говорот, социоемоционалните реакции,а пред се моторните способности.

  Играње надвор, трчање, скокање, качување се клучни за развојот на крупната моторика. Играчките со составување, едноставните пазли и коцките ја поттикнуваат детската радозналост и го учат детето за одностите во светот. Со развојот на креативноста и маштовитоста во овој период детето почнува да игра и улоги. А за развој на маштовитоста и кративноста неопходни се пластелинот и глината за моделирање.

- **Од 3 до 6 години** – Со развојот на меморијата, процесирањето и решавањето на проблеми во овој период игрите го достигнуваат својот врв. Адекватни играчки кои би го подобриле овој развој се оние кои ја поттикнуваат креативноста и осмислувањето на сценарија: кукли, алишта, животни, кујни, медицински куферчиња и сл.

  Во овој период и книгите, сликовници, приказни се дел од детските интереси. Потоа друштвените игри за развој на математички способности но и точачињата и јажето за скокање. Материјалите за цртање и сликање се добродојдени во оваа фаза од развојот.

- **Од 6 до 9 години** – Кога ги имаат совладано јазикот и говорот и моторните способности, децата одат кон понатамошно усовршување и увежбување на тие способности. Почнуваат да ги интересираат предизвиците на интелектуално и на физичко ниво.

  Во центар на внимание се најчестите игри со карти, пред се оние кои ја развиваат стратегијата, посложените пазли, возење на ролерки, игра со топка и генерално разноврсни спортови.

  Во овој период нивните интереси се многу подефинирани и се што е тесно

поврзано со нив ја поттикнува разновидноста и внатрешната мотивација.

- **Од 9 до 14 години** – Во овој стадиум социјалниот развој го достигнува својот врв, што значи дека децата во овој период се повеќе се насочени кон врсниците и најголем период од времето го поминуваат со нив.

  Се развиваат и способностите за апстракција и високите мисловни процеси, што бара адекватна стимулација.

  Во овој период на развојот детето е под влијание на врсниците и игрите се сведени на групно опкружување – тимски спортови, друштвени игри, како асоцијација, игри на компјутери и сл.

  Поединечните интереси се многу пософистицирани и подефинирани и често музиката и книгата се во фокусот на интересите.

II. Методологија на истражувањето

1. Цел на трудот

Кога станува збор за карактерот на истражувањето, има малку јаз во комуникацијата меѓу децата и возрасните. Во зависност од возраста и фазата на развој, децата едноставно ги немаат јазичните вештини на возрасните. Можеби чувствуваат нешто, но во многу случаи или не можат да го изразат тоа на возрасен или немаат возрасен од доверба да го изразат. Од друга страна, возрасните можат погрешно да ги протолкуваат или целосно да ги пропуштат вербалните и невербалните знаци на детето.Децата преку игра учат да го разбираат светот и нивното место во него. Тоа е местото каде што тие се слободни да ги одглумат своите внатрешни чувства и најдлабоките емоции. Играчките можат да дејствуваат како симболи и да добијат поголемо значење - ако знаете што да барате. Бидејќи детето не може адекватно да се изрази во светот на возрасните, терапевтот му се придружува на детето во нивниот свет, на нивно ниво. Додека си играат, детето може да стане помалку чувано и повеќе способно

да ги сподели своите чувства. Но, тие не се под притисок. Ним им е дозволено да го сторат тоа во свое време и со свој начин на комуникација. Терапијата со игра ќе се разликува во зависност од терапевтот и посебните потреби на детето. За почеток, терапевтот можеби ќе сака да го набљудува детето додека игра. Можеби ќе сакаат да спроведат одделни интервјуа со детето, родителите или наставниците.

Играчките терапевти ги користат овие набљудувања како водич за следните чекори. Секое дете е различно, па терапијата ќе биде прилагодена на нивните индивидуални потреби. Како што напредува терапијата, однесувањето и целите може повторно да се проценат. Во одреден момент, терапевтот може да ги доведе родителите, браќата и сестрите или другите членови на семејството на терапија со игри. Ова е познато како филијална терапија. Може да помогне во учењето за разрешување конфликти, да промовира заздравување и да ја подобри семејната динамика.

Примарната цел на ова истражување е да се објаснат, анализираат и претстават различните видови на детски игри и нивното влијание врз детето, а во насока на теоријата за развој на Пијаже. Исто така како главна цел е да се согледаат емоциите на децата,како тие го доживуваат светот,односите на членовите на семејството со детето, степенот на задоволеност на емоционалниите потреби на децата,когнитивниот развој според возраста,социјален развој,дали се креативни, дали го задржуваат вниманието, кои се нивните интереси.

Секундарната цел на истражувањето е поврзана со самата теорија на Пијаже, нејзината анализа и практично претставување преку спроведувањето на самото истражување.

2.Предмет на трудот

Терапијата со игра е форма на терапија која се користи првенствено за деца. Тоа е затоа што децата можеби нема да можат да ги обработат сопствените емоции или да ги артикулираат проблемите на родителите или на другите возрасни лица. Иако можеби изгледа како обично време за играње, терапијата со игра може да биде многу повеќе од

тоа. Обучен терапевт може да го користи времето за игра за да набљудува и да добие увид во проблемите на детето. Терапевтот потоа може да му помогне на детето да ги истражи емоциите и да се справи со нерешената траума. Преку играта, децата можат да научат нови механизми за справување и како да го пренасочат несоодветното однесување. Предметот на ова истражување се однесува на игровната терапија, со посебен осврт на симболичната игра односно играта со цртање. Притоа, предметот на истражување поаѓа од развојната теорија на Пијаже односно се поврзува со стадиумите на развој според теоријата на Пијаже.

Предметот на оваа истражување се деца од различна возраст кои одат во градинка „Ангел Шајче„ во Куманово.

3.Задачи на истражувањето

Истражувањето има неколку задачи, а тоа се:

1. Да се дефинира и анализира детската игра
2. Да се дефинираат, претстават и анализираат видовите на детски игри
3. Да се претстави и анализира самата улога на детската игра во развојот на детето
4. Да се анализираат поединечните облици на детски игри
5. Да се анализираат и категоризираат детските игри и користењето на играчки според возраста на детето
6. Да се дефинира и претстави игровната терапија, нејзиното значење и функција
7. Да се престави и анализира теоријата на Жан Пијаже за когнитивниот развој на детето
8. Да се објаснат стадиумите на теоријата на Пијаже
9. Да се утврди емоционалната состојба на децата во градинка
10. Да се види когнитивниот развој на децата
11. Да се утврди социјалниот развој на децата
12. Да се утврдат интересите на децата
13. Да се види семејната атмосфера на децата
14. Да се утврди развојот на личноста

Првичната задача на истражувањето е да ја анализира суштината на игровната терапија и нејзината функција преку концептот за кој Пијаже се залага во неговата теорија односно преку стадиумите на теоријата.

4.Хипотези

Хипотезите произлегуваат од поставената цел и предмет,па оттаму се поставени главната хипотеза и помошни хипотези.

За потребите на ова истражување се поставува следната

Главна хипотеза:

Соодветна анализа на личноста на детето преку користење на игровна терапија со цртање,утврдување на развојот на личноста на детето,когнитивниот,емоционалниот,социјалниот развој,менталната зрелост семејната атмосфера на децата кои ја посетуваат градинката ,,Ангел Шајче,, во Куманово.

Посебна хипотеза:

Преку цртежи да се дојде до определени сознанија за личниот развој на децата,несвесните содржини на личноста,нивното внимание,креативност и интереси.

Поединечна хипотеза:

Боите,формите,линиите,распоредот на цртежот можат да покажат одредени карактерни особини на личноста,да покажат склоности,стравови,конфликти,потреби и желби.

5.Варијабли во истражувањето

Зависна варијабла:

Игровната терапија со цртање овозможува да се направи соодветна анализа на детето кое го изработило цртежот.

Ова подразбира:емоционална состојба на детето,когнитивниот и социјалниот развој,што чувствува детето во моментот кога го изработува цртежот,како ја перципира средината во која живее,семејната атмосфера на детето.

Независна варијабла:

Полот и возраста на детето не претставуваат проблем во однос на анализата на цртежите.

III.Методологија на трудот

Играњето игри е важна карактеристика на однесувањето на децата (Mayall, 2002) и е природна алатка за учење за нив[12]. Играта може да обезбеди контекст каде децата постигнуваат длабоко учење преку интегрирање на интелектуалните, физичките, моралните и духовните вредности (Kolb, 1984) и може да им даде можност да се посветат на учење, развој и раст.[13] Забавните интеракции што децата ги имаат со други деца или возрасни додека играат игри постојано ги стимулираат во различни развојни области. На пример, игрите имаат важен придонес за когнитивниот развој на децата и психосоцијалниот развој .

Како што забележува Vygostsky[14], „детето во играта се однесува“ како да е за глава повисоко од себе“…играта ги содржи сите развојни тенденции во збиена форма и сама по себе е главен извор на развој“. Бидејќи играњето игри е клучна дефинирачка карактеристика и израз на духот во детството (Fromberg & Bergen, 2006; Mayall, 2002),

[12] Anning, A., & Edwards, A. (2006). Promoting children’s learning from birth to five:

[13] Kolb, A. Y., & Kolb, D. A. (2010). Learning to play, playing to learn: A case study of aludic learning space. Journal of Organizational Change Management, 23(1), 26-50

[14] Vygotsky, L. S. (1978). The Role of Play in Development. In Mind in Society. (pp. 92-104). Cambridge, MA: Harvard University Press.

форма на игра постои буквално за секој аспект од развојот на децата (Moyles, 1989). Играњето игри е од клучно значење за развојот и квалитетот на животот на децата.

Играта е дефинирана како секоја активност слободно избрана, суштински мотивирана и лично насочена. Таа стои надвор од „обичниот“ живот и е несериозена, но во исто време интензивно го апсорбира играчот. Таа нема посебна цел освен самата себе. Играта не е специфично однесување, туку секоја активност преземена со разиграна рамка на умот.

Играта е од суштинско значење за развојот бидејќи придонесува за когнитивната, физичката, социјалната и емоционалната благосостојба на децата и младите. Играта нуди и идеална можност за родителите целосно да се ангажираат со своите деца. И покрај придобивките кои произлегуваат од играта и за децата и за родителите, времето за бесплатна игра е значително намалено. Децата денес добиваат помала поддршка за играта отколку претходните генерации делумно поради побрзиот начин на живот, промените во структурата на семејството и зголеменото внимание на академиците и активностите за збогатување на сметка на одмор или бесплатна игра.

Играта има непосредни придобивки, како што е кардиоваскуларната кондиција и долгорочни придобивки, вклучувајќи го и чувството за морал. Една статија во Американската психолошка асоцијација Монитор за психологија ги испитува позитивните ефекти и крајната потреба од игра. Најчеста теорија е дека малолетниците си играат со вештините што ќе им бидат потребни како возрасни. Некои понови размислувања предлагаат дека е повеќе од тоа.

Емоционално-бихејвиорални придобивки од играта

1. Играта го намалува стравот, анксиозноста, стресот, раздразливоста
2. Создава радост, интимност, самодоверба и мајсторство кои не се засноваат на туѓата загуба на почит
3. Ја подобрува емоционалната флексибилност и отвореност
4. Ја зголемува смиреноста, еластичноста и приспособливоста и способноста за справување со изненадување и промени
5. Играта може да ја излечи емоционалната болка.

Социјални придобивки од играта

1. Ја зголемува емпатијата, сочувството и споделувањето
2. Создава опции и избори
3. Моделира односи засновани на инклузија наместо на исклучување
4. Ги подобрува невербалните вештини
5. Го зголемува вниманието и приврзаноста

Физички придобивки

1. Позитивните емоции ја зголемуваат ефикасноста на имунолошкиот, ендокриниот и кардиоваскуларниот систем
2. Го намалува стресот, заморот, повредите и депресијата
3. Го зголемува опсегот на движење, агилност, координација, рамнотежа, флексибилност и фино и грубо моторно истражување

Видови на игра

Физичката игра претставува една од најзастапените игри кога станува збор за деца. Овој тип на игра е најраниот што еволуирал и може да се забележи кај повеќето, ако не и сите, цицачи, и веројатно некои влекачи и водоземци. Кај човечките деца тоа вклучува игра со активности (на пр. скокање, качување, танцување, прескокнување, возење велосипед и играње со топка), вежбање со фини мотори (на пр. шиење, боење, сечење, несакано моделирање и манипулирање со акциони играчки и градежни играчки) и она што е обично познат како игра тепачка со пријателите, браќата и сестрите или старателите.

Играта со предмети исто така претставува една од најпознатите игри за деца. Овој втор тип на игра, кој исто така е широко забележан кај приматите, се однесува на развојните истражувања на светот на децата и предметите што ги наоѓаат во него. Исто така, има интересни и важни врски со физичката игра - особено во финиот моторен развој и преправањето кога вклучува градење модели на реални или имагинарни предмети и суштества и замислување на сценарио или наратив. Играта со предмети започнува веднаш штом доенчињата можат да ги фатат и да се држат за нив; раните истражни однесувања вклучуваат уста / гризење, ротирање додека гледате, триење / галење, удирање и паѓање. Ова може да се опише како „сензорно-моторна“ игра кога детето истражува како се чувствуваат и се однесуваат предметите и материјалите. Од околу 18-24 месеци, малите

деца почнуваат да средуваат предмети, што постепено се развива во сортирање и класификација на активности. На возраст од 4 години се појавува градење, правење и конструирање на однесувања. Иако немаше објавени систематски прегледи во оваа област, имаше доста емпириски студии. Голем број клучни теоретски прилози, исто така, ја поткрепуваат емпириската работа во врска со овој тип на игра. Прво, во игра со предмети се тврди дека малите деца почнуваат да ги развиваат своите репрезентативни способности.

Сега доаѓаме до типови на игра кои се вклучени само од луѓе, главно затоа што се потпираат на нашите неспоредливи симболички репрезентативни способности. Првиот од типовите, кој ние го нарекуваме симболична игра, се однесува на играта со различните симболички репрезентативни системи што ги користиме за да создадеме и да го пренесеме значењето. Поради оваа причина, алтернативно име за овој тип на игра може да биде „семиотичка“ игра. Овој тип на игра се појавува кај деца на возраст од околу 12 месеци кога тие првпат почнуваат намерно да користат звуци за да пренесат значење (иако може да се тврди дека тие си играат со звуци, во џагор, многу порано, а исто така и со гестови, кои се користат да се пренесе значење во текот на првата година од животот). Прогресивно во текот на раното детство, овие аспекти се важен елемент во играта и учењето на децата кога тие почнуваат да совладуваат низа „симболички“ системи, вклучувајќи говорен јазик, различни визуелни медиуми, правење ознаки / пишување, броеви, музика и сл. Според тоа, теоретски може да се претпостави дека овој тип на игра ќе ги поддржи нивните технички способности кои се развиваат да ги изразат своите идеи, чувства и искуства преку овие различни медиуми. Меѓутоа, иако постои општа претпоставка дека тоа е така, со исклучок на јазикот и писменоста, постои недостаток на ригорозни научни студии кои го испитуваат влијанието на симболичката игра врз развојот. Како последица на тоа, се чини дека нема севкупни систематски прегледи во оваа област.

Игровна терапија со цртање

Играта е како децата го истражуваат надворешниот свет и ги откриваат сопствените вештини и способности. Играта им овозможува на децата да комуницираат сложени идеи и пораки кои инаку би биле невозможни поради нивниот недостаток на

вербални вештини.[15] Дополнително, играта им овозможува на децата да го разберат својот внатрешен и надворешен свет и да бараат начини да ги поврзат двата погледи на светот (Pejc и Асбранд, 2005). Советниците кои работат со деца користат мноштво техники за игра со цел да проценат и да исполнат конкретни цели за советување со нивните клиенти. Техниките на советување се изведени од теоретски пристапи и одредени верувања во однос на човечката интеракција и промени. Axline[16], ран основач на терапијата со играње насочена кон детето, изјави дека советниците мора да го прифатат детето и да му дозволат на детето да ја води сесијата, да обезбедат атмосфера каде што детето се чувствува слободно да ги изразува чувствата, да ги рефлектира чувствата назад кон детето и да го почитува способноста на детето да ги решава сопствените проблеми. Според Gil[17], терапевт за игри и уметност, „мора да се направат напори да се покани и промовира самоизразување“ кога се работи со деца. Цртежот може да биде еден таков излез кој поттикнува самонасочување и самоевалуација (Lindret, 1991). Во 1800-тите, цртежите станаа значајни за психоанализата со цел да се открие несвесниот ум.[18] Во 1905 година, Фројд известил за цртежите на Малиот Ханс како средство за „излегување на површината на несвесниот материјал преку слики“.[19] Оттогаш, употребата на креативни техники бележи зголемување на употребата на уметност, визуелизација и метафорични слики во детското советување . Како што се зајакна уметноста во детската терапија, употребата на цртежи стана популарна за проучување на нивото на интелигенција и психолошката состојба на детето. Се појавија тестови за проективно цртање за проучување на перцепциите, ставовите и личноста на децата.[20] Денес, уметноста стана признат модалитет во терапијата со игри и е интегрирана во сесијата за играње. Уметничката терапија го користи креативниот процес на уметноста за да ја подобри и подобри физичката, менталната и емоционалната благосостојба на децата. Креативниот процес вклучен во уметничкото самоизразување им помага на луѓето да ги решат конфликтите и проблемите,

[15] Association for Play Therapy (2000). About play therapy: Play therapy makes a difference. Available from; Association for Play Therapy website: http://www.a4pt.org
[16] Axline, V. M. (1989). Play therapy. Edinburgh: Churchill Livingstone.
[17] Gil, E. (1994). Play in family therapy. New York: Guilford Press
[18] Gil, E. (1994). Play in family therapy. New York: Guilford Press
[19] Malchiodi C., „Handbook of art therapy“, New York, NY: Guildford Publications, Inc. 2003
[20] Malchiodi C., „Handbook of art therapy“, New York, NY: Guildford Publications, Inc. 2003

да развијат интерперсонални вештини, да управуваат со однесувањето, да го намалат стресот, да ја зголемат самодовербата и самосвеста и да постигнат увид.

Терапевтите ги користат цртежите како средство за комуникација кога работат со деца. Цртежите го прошируваат искуството на поединецот за изразување со тоа што дозволуваат безбедно изразување на чувствата и ставовите на начини на кои зборовите не можат. Белиот лист хартија станува „безбедно место“ за детето да се изрази себеси на незаканувачки начин (Alan, 1988). Цртежот може да „создаде внатрешни перцепции за себе и за светот“.[21] Овие графички прикази „ги изнесуваат проблемите на површина, со што ја забрзуваат способноста на помагателот да интервенира и да им помага на проблематичните деца“.[22] „Иако терапијата со игри насочена кон детето е најраспространетата техника на терапија со игри“, која се вкорени во хуманистичкиот пристап, многу терапевти за игри претпочитаат техники кои произлегуваат од Јунговата аналитичка психологија . Специфичните стилови на советување на терапија со игра влијаат на пристапот на советникот кон проценките на цртањето. Додека терапијата со игри насочена кон детето се карактеризира како недирективна, јунгските терапевти нудат различни степени на насока во сесијата за советување. Оваа дебата за степенот на насоката што ја користи игра терапевтот е применлива и за уметничка терапија и цртежи. Додека некои советници избираат директивна улога кога користат техники на цртање, други претпочитаат да бидат недирективни во нивниот метод. Професионалците откриваат дека и директивните и недирективните методи допираат до несвесното на поединецот. Затоа, уметничките изрази на децата во рамките на терапијата се гледаат од различни перспективи и интереси во зависност од терапевтот. Цртежите не се користат само како проценка или дијагностичка алатка, туку советниците ги користат цртежите како терапевтска интервенција во советувањето.[23]

Теоријата на Пијаже за когнитивниот развој кај децата наведе четири главни фази:

1. сензомоторни,
2. предоперативни,
3. конкретни операции и

[21] Malchiodi C., „Handbook of art therapy“, New York, NY: Guildford Publications, Inc. 2003 стр. 155
[22] Malchiodi, 2001, стр. 21
[23] Malchiodi C., „Handbook of art therapy“, New York, NY: Guildford Publications, Inc. 2003

4. формални операции.

Сите овие фази не се случуваат само во континуирани прогресии, туку и овозможуваат на поединецот да комуницира со околината со зголемени нивоа на компетентност и вештина. Со секоја фаза се развива поширок опсег на размислување додека поединецот формира поголемо разбирање за светот. Овој фокус на интелектуалниот раст на детето и недостатокот на внимание на емоционалните и социјалните влијанија донесоа критики врз теоријата на Пијаже. Меѓутоа, во исто време, овој фокус на познанието совршено го паралели нашето разбирање за уметничкиот репертоар на растечкото дете. „За да се постигне одредена задача, неопходно е разбирање на самата задача. Пијаже и други дадоа докази дека учењето е поврзано со созревањето - физиолошко, биолошко функционирање кое е предодредено кај секој поединец“.[24] Така, детето нема да може да нацрта круг до 3 години, квадрат до 4, триаголник до 5 и дијамант до 6 или 7 години.

Сензормоторна фаза

Возраст: од раѓање до 2 години

Главни карактеристики и развојни промени:

1. Доенчето учи за светот преку нивните сетила и преку нивните постапки (движење наоколу и истражување на околината).
2. Во текот на сензомоторната фаза се развиваат низа когнитивни способности. Тие вклучуваат: постојаност на објектот; самопрепознавање; одложена имитација; и репрезентативна игра.
3. Тие се однесуваат на појавата на општата симболичка функција, а тоа е капацитетот да се претстави светот ментално
4. На околу 8 месеци доенчето ќе ја разбере постојаноста на предметите и дека тие сè уште ќе постојат дури и ако не можат да ги видат и доенчето ќе ги бара кога ќе исчезнат.

Предоперативна фаза

Возраст: 2-7 години

Главни карактеристики и развојни промени:

[24] Lowenfeld & Brittain, 1982, стр. 221

1. Малите и малите деца стекнуваат способност за внатрешно претставување на светот преку јазикот и менталните слики.
2. Во оваа фаза, малите деца можат симболично да размислуваат за работите. Ова е способност да се направи една работа, како што е збор или предмет, да се залага за нешто друго од себе.
3. Во размислувањето на детето доминира како изгледа светот, а не како е светот. Сè уште не е способен за логичен (решавање проблеми) тип на мисла.
4. Доенчињата во оваа фаза исто така покажуваат анимизам. Ова е тенденцијата на детето да мисли дека неживите предмети (како што се играчките) имаат живот и чувства како на една личност.

Конкретна оперативна фаза

Возраст: 7-11 години

Главни карактеристики и развојни промени:

• Во оваа фаза, децата почнуваат логично да размислуваат за конкретни настани.

• Децата почнуваат да го разбираат концептот на зачувување; разбирање дека, иако работите може да се променат по изглед, одредени својства остануваат исти.

• Во оваа фаза, децата можат ментално да ги превртуваат работите (на пр. да сликаат топка од пластелин што се враќа во првобитната форма).

• Во оваа фаза, децата исто така стануваат помалку егоцентрични и почнуваат да размислуваат за тоа како другите луѓе би можеле да мислат и да се чувствуваат.

Формална оперативна фаза

Возраст: 12 и повеќе

Главни карактеристики и развојни промени:

• Конкретните операции се вршат на работи додека формалните операции се вршат на идеи. Формалната оперативна мисла е целосно ослободена од физички и перцептивни ограничувања.

• Во текот на оваа фаза, адолесцентите можат да се справат со апстрактни идеи (на пр. не треба повеќе да размислуваат за сечење колачи или споделување слатки за да разберат поделба и дропки).

• Тие можат да ја следат формата на аргумент без да размислуваат за конкретни примери.

• Адолесцентите можат да се справат со хипотетички проблеми со многу можни решенија. На пр. ако се праша: „Што ќе се случи ако парите се укинат за еден час? би можеле да шпекулираат за многу можни последици.

1.Методи и техники на истражување

За потребите на ова истражување ќе се пристапи кон преглед на литература која се состои од анализа на достапна литература во форма на книги, научни и стручни списанија, скрипти, учебни помагала, електронски и други видови на извори. На овој начин ќе се овозможи и анализа на релевантни истражувања кои се поврзани со самата тема која се истражува и која е предмет на ова истражување.

Притоа, за трудот ќе се користат следните методи:

1. Метод на анализа на документација
2. Метод на синтеза
3. Дескриптивна анализа
4. Систематско набљудување
5. Компаративен метод
6. Дедуктивен метод

Техники за истражување:

Се цртежи кои ке ги проценуваат децата

Инструменти кои се користени се:

-листови

-моливи

-боици

-протокол за систематско набљудување

- Опис на техника Маховер

  Цртеж на фигура како проективна техника ја вовела Карен Маховер додека ги набљудувала цртежите на децата кои се добиени при тестирање на интелигенција,по што забележала дека постојат индивидуални разлики без оглед на иста IQ.

  Таа ја развила листата на емотивни показатели вклучувајќи ја величината на фигура,недостаток на некој дел од тело и некои посебни карактеристики. Маховер тестот е толку популарен поради тоа што се врши едноставно испитување и е прифатено од испитаниците,не претставува оптеретување за испитаникот. Маховер тест дава информации кои се клучни за длабока процена на личноста. Цртежот во кругот на Маховер тест е дефиниран како субјективна слика на субјективниот свет.

  Маховер приметила дека различни луѓе со слични особини и слични проблеми на сличен начин ја цртаат човечката фигура,заклучила дека на тоа влијаат несвени содржини на личноста,склоности,конфликти,стравови,потреби и желби. Од голема важност е како е нацртана глава,контура на фигура,квалитет на линија,распоред на цртање.

- Опис на техника на цртеж на семејство

  Од анализа на овие цртежи преку техника на цртање на семејство се проценува менталната зрелост и се добиваат податоци кои се однесуваат на психичкиот развој.Во овие цртежи се оценува улогата на членовите на семејството и нивните меѓусебни односи.

  Преку оваа техника се доаѓа до заклучок како детето се види себе си и останатите членови во тоа семејство,со кој член има најблизок однос,кој е одсутен и слично. Кога се црта семејството,детето најпрвин ја црта најважната личност и најчесто ја прикажува на лева страна на листот.

Извори на прибирање на податоци:

До овие податоци е дојдено така што е посетувана градинката „Ангел Шајче„ во Куманово во период од 1 месец,во септември 2021 година.

Популацијата е конечна,односно затворена,а тоа се деца во градинка од разликчна возраст од најмала популација до деца од предшколска возраст кои се запишани во 2021/22 година.

За потребите на ова истражување, а во насока на исполнување на поставените цели и задачи ќе се спроведе квалитативна анализа на цртежи од деца од различна возраст.

Ќе се врши анализа на 30 цртежи кои се случајно изберени од секоја возрасна група во градинката.

Постојат два типа на цртежи на едните е прикажана човечка фигура,а на другите целото семејство.

Начин на истражување:

Обработка на податоци преку квалитативна анализа на цртежи.

Обработка на податоци:

Фаза на собирање податоци,фаза на групирање и прикажување на податоци,фаза на анализа на податоци и фаза на статичко заклучување.

Резултати

Дескриптивна статистика

Број на испитаници	30 испитаника					
Пол на испитаници	машки	женски				
Возраст на испитаници	2 години	3 години	4 години	5 години	6 години	7 години

Во оваа истражување има опфатено 30 испитаника, од двата пола,кои се на возраст од 2,3,4,5,6 и 7 години.

2.Анализа на цртежите

2.1.Анализа на цртежи на човечка фигура



(слика бр.1)

Тема: Моето тело (човечка фигура) **7-8 години** (слика бр.1)

Од оваа анализа на цртеж можеме да забележиме дека оваа дете расте во емотивно топла семејна средина.


Користена е жолта боја што асоцира на ведро и насмеано дете,исполнето и безгрижно.

На цртежот рацете се кренати што укажува на тоа дека детето е активно и креативно.

Преку изразот на лицето несвесно се прикажани емоциите, а тоа е дека детето е задоволно, има насмевка на лицето.

Прикажани се уредени и дотерани веѓи што е знак на негувана личност.

Сонцето е знак на тоа дека детето се залага за мајката, а бидејќи сонцето е нацртано на аголот може да се толкува дека детето е презаштитено од страна на мајката.




(Слика бр.2)
Тема: Моето тело (човечка фигура) **5-6 години** (Слика бр.2)

Од анализа на овој цртеж можеме да видиме дете кое расте во топла семејна средина.Добива љубов и топлина од родителите.

Најупотребувана боја е црвена што значи сензибилност и портокалова што значи дека детето е осетливо,н комуницира без проблем и е отворено.Според боите што ги користело се дава знак дека е креативно.

Според изразот на лицето покажува задоволство.Но прикажани се мали очи што може да значи дека детето чувствува окупираност на личноста со самиот себе.



(Слика бр.3)

Тема: Моето тело (човечка фигура) **4 години и 3 месеци** (Слика бр.3)

Според анализа на овој цртеж кај оваа дете се забележува несигурност,бидејжи фигурата личи на чудовиште.

Има нејасни линии што покажува на тоа дека е срамежливо и неодлучно,на оваа дете му е потребна поддршка и позитивно искуство.

Се гледа променлив притисок и скршњни линии што може да е знак дека детето не спие доволно.

Жолтото сонце кое е прикажано може да е знак дека детето се залага за мајката.



(Слика бр.4)

Тема: Моето тело(човечка фигура) **4 години и 6 месеци** (Слика бр.4)

Според анализа на овој цртеж се доаѓа до заклучок дека детето расте во семејна и топла семејна средина

Прикажаните веѓи се толкуваат како оваа детете да е негувана личност.

Рацете се раширени што е знак дека оваа дете е креативно и активно.

Според боите кои се употребени може да се забележи дека оваа дете ја сака природата,сака да истражува,да си игра надвор и сака поголема слобода и простор што се должи на тоа дека мајката се однесува презаштитнички со него.



(Слика бр.5)

Тема: Моето тело(човечка фигура) **3-4 години** (Слика бр.5)

Преку анализа на овој цртеж се доаѓа до заклучок дека оваа дете дланката ја нацртало во вид на ракавица што може да е знак на потисната агресија,која тежнее да се изрази со скриен израз на гресија,а не поминува во симптоматологија.

Рацете се нацртани во едноставна димензија и се слаби,а тоа укажува на недостаток на слабост на физичка реалност.

Употребувана е само виолетова боја која може да е знак за потреба за моќ и сила.Оваа дете сака да превземе иницијатива за нешто.

Долгите нозе кои се широко разделени укажуваат на стремеж кон независност.



Слика бр.6

Тема: Моето тело (човечка фигура) **4 години и 1 месец** (Слика бр.6)

Преку анализа на овој цртеж се гледа дека на цртежот е прикажана човечка фигура на која има раширени раце,а тоа значи дека детето е активно и креативно.

Облеката и косата се прикажани во црвена боја што може да значи хиперактивнот,оваа боја ја користат импулсивни деца,со вишок на енергија и пасија кон нето.

Оваа дете ака да е во центар на внимание,со голем натпреварувачки дух.




Слика бр.7

Тема: Моето тело (човечка фигура) **5 години** (Слика бр.7)

Преку анализа на овој цртеж прикажан е силен притисок што може да значи дека детето размислува јасно и прецизно и е емоционално избалансирано.

Прикажана е голема фигура на центар на листот што значи дека се работи за самоуверена личност.

Преку усни во насмевка се гледа дека се работи за дете кое е задоволно и има позитивен став.




Слика бр.8

Тема: Моето тело (човечка фигура) **3-4 години** (Слика бр.8)

На овој цртеж е прикажана фигура која е целосно избоена во црвена боја што укажува на сензибилност.

Оваа дете е навикнато да ги брани своите интереси,па така преку сината боја се гледа дека од голема важност е решителноста и активноста.

Прикажана е и голема фигура која значи дека се работи за експанззивно дете.



Слика бр. 9

Тема: Моето тело (човечка фигура) **5-6 години** (Слика бр. 9)

Преку анализа на овој цртеж може да се види дека е корисрена портокалова боја која може да значи дека детето изразува радост,живописни емоции и желба за забава.

Преку тоа што се прикажани големи нозе кои се широко разделени се гледа дека детето има амодоверба и стремеж кон независност.

Фигурата е претставена горе на листот кој прикажува дека детето задоволување на потребите ги бара во фантазиите.



Слика бр. 10

Тема: Моето тело (човечка фигура) **5-6 години** (Слика бр. 10)

По анализа на овој цртеж се констатира дека е прикажана голема фигура и е во центарот на листот,што значи дека се работи за самоуверена личност.

Има јасни карактеристики на лицето кои прикажуваа тдете со отворен ум кое е дружељубиво.

Преовладува жолта боја која означува и симболизира радост,спонтаност,разиграност.Оваа дете е ведро и насмеано,исполнето и безгрижно.

Тоа е свесно за се и емоционално реагира.

2.2.Анализа на цртежи „Моето семејство„



(Слика бр.11)

Тема: „Моето семејство„ **4 години и 6 месеци** (Слика бр. 11)

Преку анализа на овој цртеж гледаме несигурност кај детето бидејќи на прикажаниот цртеж изостануваат дланкитеНесигурност исто така покажува и покрај тоа што фигурата на мајката е некомплетна.Со цртање на некомплетна фигура детето покажува непријатни чувства.

Рацете се нацртани многу долги што може да претставува агресија.

Најупотребувана боја на цртежот е сина што значи дека детето има добра контрола, но и потреба за заштита. Виолетова боја дава знак дека детето има потреба од моќ и сила и сака да превземе иницијатива. Со зелената боја увидуваме дека ја сака природата, слободата, сака да биде поинакво.



(Слика бр.12)

Тема: „Моето семејство„ **5-6 години** (Слика бр.12)

Од анализа на овој цртеж може да се забележи дека според боите детето што ги користело е прикажано дека има добра контрола,но и потреба за заштита.Преку портокаловата боја можеме да видиме дека има голема осетливост и амбиваленција.А преку кафеавата дека е затворено(инфериорно) дете.

Прикажани се лесно воочливи детали што значидека оваа дете без проблеми расте во хармонична средина и се чувствува безбедно.

Исто така детето се чувствува како да е најзначајно во семејството бидејќи се нацртало помеѓу родителите,а неговите сестрички се нацртани на страна што можеби претставува љубомора и му треба повеќе внимание.Но сепак постои емоционална близина бидејќи себе си се прикажало блиску до родителите.Се чувствува како неопходен во куќата.

Се забележува дека сите имаат раширени раце што е знак дека детето е креативно и активно.



(Слика бр. 13)

Тема: „Моето семејство„ **5-6 години**(Слика бр.13)

Според анализа на овој цртеж може да се протолкува дека детето со израз на лицата несвесно го пренесува и своите емоции,а тоа е дека е среќно и задоволно.

Може да се забележи дека недостасуваат раце кај членовите од семејството што може да претставува несигурност кај детето,недостаток на доверба во социјални контакти и социјална продуктивност.

Најважниот член во оваа семејство е таткото бидејќи е прикажан како најкрупна фигура.

Доминира зелената боја што значи дека оваа дете сака да е поинакво,ја сака слободата,природата и е интелигентно.Розовата боја е знак дека детето е креативно,мечтае,сака да живее во некој замислен свет,да е принцеза.

На кужата има прикажано многу прозорци што укажува дека детето е отворено за увидите на другите.



(Слика бр. 14)

Тема: „Моето семејство„ **5-години**(Слика бр.14)

Преку анализа на овој цртеж доаѓаме до заклучок дека има лесно воочливи детали што значи дека оваа дете расте во хармонична средина и се чувствува безбедно.

Фигурите на луѓето се во прв план,на цртежот се прикажани и мачки со мали мачиња што значи дека врската со животниот свет е многу важна за детето.

Членовите на семејството се прикажани еден до друг што е знак дека живеаат во хармонија и меѓу нив има емоционална близина.

Доминира синатa боја што дава знак дека тоа е грижливо дете кое ужива во друштво и има добра контрола.Исто така оваа боја ја претпочитаат мирни и чувствителни деца.



(Слика бр.15)

Тема: „Моето семејство„ **4 години и 6 месеци** (Слика бр.15)

Според анализа на цртежот можеме да забележиме дека оваа дете расте во емотивно топла средина.

Се забележува дека носот е испуштен што може да укажува дека детето е срамежливо.

Фигурите на луѓето се изнесени во прв план,тие се прикажани прилично големи во однос на другите фигури,а оваа може да укажува дека детето се доведува до израз.

Се забележува дека луѓето на сликата имаат раширени раце и тоа е знак дека детето е креативно и активно.

Прикажани се цвеќиња,спнце,сини облаци што значи дека овој цртеж е полн со динамика и израз.

Сонцето е симбол на наклонетост,љубезност,љубов.

Луѓето се приближени едни до други што укажува на емоционална близина.



(Слика бр.16)

Тема: „Моето семејство„ **5 години**(Слика бр.16)

Според анализа на овој цртеж можеме да забележиме премногу истакнување на усните што може да биде поврзано со проблеми со јадење.

Рацете и дланките се прикажани нејасно и неодредено што укажува на недостаток на доверба во социјалните контакти и социјалната продуктивност.Исто така рацете се прикажани претерано големи што укажува на компензација на слабост.Големите фигури се знак на импулсивно дете.

Луѓето на цртежот потсетуваат на кловнови или чудовишта што може да укажува на несигурност кај детето.



(Слика бр.17)

Тема: „Моето семејство„ **2-3 години**(Слика бр.17)

Според анализа на цртежот можеме да забележиме дека се работи за мало дете кое сеуште не умее да го држи моливот,сепак се гледа јасноста на правецот и квалитет на линијата.

Веќе му е помогнато со трупот на кој има залепено фигури.

Користена е само црна боја што може да е знак дека детето е затворено и инфериорно,но може да значи и дека е сигурно во себе и сака да превземе иницијатива.Покажува дека детето е презаситено од работите околу него(тоа може да бидат играчки).




Слика бр.18

Тема: „Моето семејство„ **3-4 години** (Слика бр.18)

Според анализа на овој цртеж можеме да видиме несразмерно голема глава,но кај малите деца тоа е знак на социјална неприлагоденост во смисла на интерперсонални односи.

Оваа е импулсивно дете бидејќи се нацртани големи фигури, тие се асиметрични.

Семејството е прикажано обединето, приближени се едни до други што означува емоционална близина. Детео е во центарот помеѓу родителите што значи дека тоа се чувствува како потребен и неопходен во семејството.



Слика бр.19

Тема: „Моето семејство„ **4години и 5месеци** (Слика бр.19)

Од анализа на овој цртеж може да се констатира дека е прикажана голема глава на лицата кои се нацртани,а тоа е знак на социјална неприлагоденост смисла на интерперсонални односи.

Прикажани се големи раце што може да укажува на компензација на слабост,исто така тие се нацртани во едноставна димензија и се слаби,а тоа укажува на слабост и недостаток на физичка реалност.

Најупотребувана боја е сината,која значи дека детето има добра контрола,дека е грижливо дете,можеби и премногу да се грижи за другите околу себе.

На овој цртеж деталите се нацртани на десна страна,а тоа е знак на интуитивно детеИстп така оваа дете се смета дека е поповрзано со таткото.



Слика бр. 20

Тема: „Моето семејство„ **5-6 години** (Слика бр. 20)

Преку анализа на овој цртеж можеме да забележиме дека ликовите се нацртани на десна страна што значи дека станува збор за интуитивно дете,кое мечтае,фантазира и е отворено за комуникација,се смета дека оваа дете е поповрзано со таткото бидејќи и во самиот цртеж е нацртано до него.Таткото е нацртан како најкрупна фигура и тоа значи дека детето го смета за најважен член на семејството.

Нацртани се крупни и лесно воочливи детали што може да се смета дека се работи за дете без проблеми,кое расне во хармонична средина.



Слика бр.21

Тема: „Моето семејство„ **5-6години** (Слика бр.21)

Преку анализа на овој цртеж забележуваме дека оваа дете е нацртано во центар на листот помеѓу родителите и тоа се чувствува како потребно и неопходно во семејството.

Прикажано е и сонце што е симбол на наклонетост и љубезност,оваа дете е поврзано со пријатни и топли спомени,

Прикажано е и миленичe што значи дека детето е привржано и за него.

Преку црвената боја можеме да согледаме дека оваа дете сака да е во центар на внимание,има натпреварувачки дух,сака да е прво и да победува.



Слика бр. 22

Тема: „Моето семејство„ **5-6 години** (Слика бр.22)

Преку анализа на овој цртеж гледаме фигури со раширени раце,што значи дека станува збор за дете кое е активно.

Нацртани се и две миленичиња кои што за детето е важна врска помеѓу животинскиот свет.

Најупотребувана боја е виолетова што укажува на тоа дека детето има потреба за моќ и ила,сака да превземе иницијатива,а исто така преку зелена боја доаѓаме до зкалучок дека оваа детет е спокојно,ја сака слободата,природата,животните



Слика бр. 23

Тема: „Моето семејство„ **5-6години** (Слика бр.23)

Преку анализа на овој цртеж гледаме дека оваа дете сака да е во центар на внимание се смета себе си за неопходно во семесјството.Тоа е нацртано помеѓу родителите што значи дека има емотивна близина со нив бидејќи е нацртано премногу близу.

За оваа дете е од голема важност емотивната топлина којашто ја добива од семејството

Користени се зелени тонови што укажуваат на тоа дека детето сака да е поинакво и интелигентно и ја сака природата.



Слика бр. 24

Тема: „Моето семејство„ **5-6години** (Слика бр. 24)

Од анализа на овој цртеж забележуваме дека оваа дете е прикажано до својата мајка,што значи дека тоа чувствува голема близина со неа,но исто така и братчето е нацртано многу близу до него што значи дека и за него чувствува топла близина.

Оваа дете е помеко и срамежливо по тоа што користи послаби и потенки линии,но исто така можеби и оваа дете да чувствува некоја лутина за нешто поради тоа што прикажало долги и големи дланки.



Слика бр. 25

Тема: „Моето семејство„ **4години 1месец** (Слика бр.25)

Според анализа на овој цртеж можеме да забележиме дека оваа дете е повлечено и плашливо,по тоа што лицата на цртежот се затемнети,но е истакната контурата на главата.

Луѓето на цртежот се прикажани како чудовишта што може да значи дека се работи за несигурно дете.

Но според боите кои оваа дете ги користело оваа дете ја сака природата,сака поголема слобода и простор.



Слика бр. 26

Тема: „Моето семејство„ **3години 10месеци** (Слика бр.26)

Преку анализа на овој цртеж доаѓаме до заклучок дека оваа дете употребувало тенко сенчање што е знак на интелигентен пристап,но оваа дете е исто така повлечено и држи социјална дистанца по тоа што се нацртани ситни фигури.

Најупотребувана е црвената боја која е најинтензивна боја,па по тоа можеме да видиме дека оваа дете сака да биде центар на внимание,има натпреварувачки дух и секогаш сака да е прво и да е победник.



Слика бр. 27


Тема: „Моето семејство„ **3години 11месеци** (Слика бр. 27)

Преку анализа на овој цртеж се гледа дека оваа дете е многу привржано со својата мајка и дека многу ја сака и таа е најважната личност во животот.Таткото е изоставен од цртежот.

Со големина на фигурата на мајката детето ја истакнува значајноста и големината на членот на семејството.

Според најупотребуваната црвена боја гледаме дека се работи за дете кое е решително,со силна волја.

Исто така и широко разделени нозе покажуваат на тоа дека оваа дете има самодоверба и стремеж кон независност.



Слика бр. 28

Тема: „Моето семејство„ **3години 10месеци** (Слика бр. 28)

Според анализа на овој цртеж можеме да видиме дека се работи за срамежливо дете бидејќи луѓето се прикажани многу ситно,но сепак оваа дете размислува јасно и е емоционално избалансирано,

Оваа дете е повлечено и држи социјална дистанца.



Слика бр. 29

Тема: „Моето семејство„ **3-4 години** Слика бр.29

Според анализа на овој цртеж можеме да видиме дека оваа дете има голема самодоверба бидејќи цртало со дебела и јасна линија и има силен притисок што укажува дека размисува јасно и е емоционално избалансирано.

Исто така се гледа дека оваа дете е импулсивно.

Најкоритена боја е розевата која што укажува на тоа дека оваа дете е дете кое мечтае,со жива имагинација,дете кое е креативно и живее во свој свет.



Слика бр. 30

Тема: „Моето семејство„ 7 **години** Слика бр.29

Преку анализа на овој цртеж можеме да забележиме дека се работи за дете кое е задоволно и среќно преку кренати раце на сите членови од семејството.Таткото ја има главната улога во семејството бидејќи тој е нацртан како најкрупна фигура и е во средина на цртежот,можеби оваа дете чувствува некоја одалеченост од мајката бидејќи ја ставило на крајот на цртежот и далеку од себе.Иако оваа дете е среќно и задоволно и ја добива потребната љубов од двајцата родители сепак тоа има чувство на недостик на некоја близина,која е резултат на кратко отсуство на мајката од неговото секојдневие,па можеби и затоа мајката е прикажана на крајот одалечена.

3.Дискусија

Терапевтите ги користат цртежите како средство за комуникација кога работат со деца. Цртежите го прошируваат искуството на поединецот за изразување со тоа што дозволуваат безбедно изразување на чувствата и ставовите на начини на кои зборовите не можат. Белиот лист хартија станува „безбедно место“ за детето да се изрази себеси на незаканувачки начин (Alan, 1988). Цртежот може да „создаде внатрешни перцепции за себе и за светот“.[25] Овие графички прикази „ги изнесуваат проблемите на површина, со што ја забрзуваат способноста на помагателот да интервенира и да им помага на проблематичните деца“.[26] „Иако терапијата со игри насочена кон детето е најраспространетата техника на терапија со игри“, која се вкорени во хуманистичкиот пристап, многу терапевти за игри претпочитаат техники кои произлегуваат од Јунговата аналитичка психологија . Специфичните стилови на советување на терапија со игра влијаат на пристапот на советникот кон проценките на цртањето.

Цртежите не се користат само како проценка или дијагностичка алатка, туку советниците ги користат цртежите како терапевтска интервенција во советувањето (Malchiodi, 2003).

„Сликите се директна комуникација од несвесното“.

Па така преку добиените резултати од оваа истражување на мојот труд можеме да видиме дека овие случајно избрани деца кои ја посетуваат градинката „Ангел Шајче„ во Куманово и кои се на различна возраст од најмали на 2 години до најголеми до 6 години дека скоро сите живеат во топла и сигурна семејна средина,станува збор за деца кои живеат нормален живот,деца кои се емоционално избалансирани,деца кои се креативни и активни,деца кои сакаат да учат,имаат внимание и концентрација,сите се добро развиени со добар когнитивен и социјален развој,иако кај некои деца преовладува срамежливост,овие деца ја сакаат природата и играта надвор,ја сакаат слободата и имаат поддршка од своите родители.

[25] Malchiodi C., „Handbook of art therapy“, New York, NY: Guildford Publications, Inc. 2003, стр. 155
[26] Malchiodi, 2001, стр. 21

Во процесот на игровната терапија, терапевтот во текот на играта го набљудува детето за да стекне увид во проблемите на детето. Ќе набљудува и ќе забележува одредени моменти кои што можат да произлезат од траума или вознемиреност, емоционални потешкотии, проблеми во односот со родителите или социјалната средина.
Потоа терапевтот го води детето во терапевтски активности за да му помогнат да се справи со сите проблеми со кои што може да се соочи.

Терапијата со игра им овозможува на децата сесии на „слободна игра„ или неструктуирани игри пти што тие честопати низ игра ги искажуваат слабостите и вознемиреноста.

Исто така цртежот за децата представува спонтана и една од омилените активности низ која ја презентираат својата слика за светот.За детето да почне да црта најпрвин неопходен е моторен развој и когнитивна зрелост.

Во однос на оваа истражување дојдов до нови знаења во врска со играта,игровната терапија и теоријата на Пијаже,добив ново искуство во врска со работа со деца кои одат во градинка,добив добри резултати дека сите овие деца кои ги набљудував и собирав податоци од нив растат во една семејна,здрава средина и дека нивните родители се грижат за нивниот развој на личноста.

Оваа дискусија ќе ја завршам со цитирање на еден автор,а најверојатно и многу од родителите на овие деца се водат по оваа бидејќи сакаат да имаат здрава и развиена личност.

„Играта е основен биолошки нагон,таа е составен дел од нашиот живот и е еднакво важен како и спиењето и јадењето„

ЗАКЛУЧОК

Детската игра е неизоставна активност во детството. Детето низ игра ги развива интелектуалните, емоционалните способности. Тоа учи да го развива движењето, говор, фантазирањето, преку игра стекнува пријателства и го развива својот друштвен живот.

Играта за детето претставува најинтересен дел од денот, дали ке е дома со надгледување од родителите или со врсниците во градинка,играта го исполнува секојдневието на детето при тоа правејќи го безгрижено и среќно.

Развојот на играта и изборот на играчката се одвиваат паралелно во склад со развојот на детето.

Еден од најважните средства кои треба да им се обезбедат на децата се играчките кои се соодветни за нивната возраст, како и развојното ниво, а преку кои кај детето ќе се стимулира на развојот.

Игровна терапија е психотерапевтски пристап кој првенствено се користи за да им помогне на децата на возраст од 3 до 12 години слободно да ги изразат поттиснатите мисли и емоции преку игра.

Од досегашните истражувања и литератури дојдов до моето истражување и направив една соодветна анализа на личноста на децата кои ги случајно избрав во градинката преку тоа што користев игровна терапија со цртање.

Преку цртежите дојдов до определени сознанија за емоционалната состојба на децата,нивниот развој на личноста и нивните одредени карактерни особини на личноста.

Тие сознанија се дека овие деца кои ја посетуваат градинката добиваат се што е потребно за да израснат во здрави личности.

Кога сите родители би знаеле дека преку љубов, едукација, игра децата би биле задоволни,емоционално избалансирани и развиени личност,тогаш светот би бил подобро место за живеење.

И завршувам со цитирање на психологот кој денес се смета за најзначаен развоен психолог кој своите години ги посветил за проучување на детското мислење:

„На децата им се потребни долги,непрекинати периоди на игра и истражување,бидејќи играта е одговорот на тоа како се случува нешто„ -Жан Пијаже

Користена литература

1. Виолета Арнаудова “Психологија” , 2009,Скопје
2. Георги Чадловски “Медицинска психологија”,2004,Просветно дело АД Скопје
3. Доц. Д-р Слаѓана Анѓелкоска Во светот на детскиот цртеж и игра;2021;
4. Олга Мурџева -Шкариќ “Психологија на возрасните и на стареењето(Развојна психологија 2)2010,Скопје
5. Олга Мурџева-Шкариќ “Психологија на детство и адолесценција” (Развојна психологија 1)2010,Скопје
6. Рашиќ Цаневска, О. (2016). Окупациона терапија. Скопје: Филозофски факултет
7. Светомир Бојанин “Покрет у психотерапији”,2015,Београд
8. Allan, J. (1988). Inscapes of the child’s world: Jungian counseling in schools and clinics. Dallas, TX: Spring Publications.
9. Allan, J., & Bertoia, J. (1992). Written pathways to healing: Education and Jungian child counseling. Dallas, TX: Spring Publications, Inc.
10. Anning, A., & Edwards, A. (2006). Promoting children’s learning from birth to five:
11. Association for Play Therapy (2000). About play therapy: Play therapy makes a difference. Available from; Association for Play Therapy website: http://www.a4pt.org
12. Axline, V. M. (1989). *Play therapy*. Edinburgh: Churchill Livingstone.
13. Azar, Beth. (2002). It’s more than fun and games. Monitor on Psychology, Mar
14. Bergen, Doris, ed. 1988. Play as Medium for Learning and Development: A Handbook of teory and Practice.
15. Bradley, R., H. (1985). Social-cognitive development and toys. Topics in Early Child-hood Special Education, 5(3), 1130.
16. Bruner, J.S. (1972). Nature & uses of immaturity. American Psychologist, 27, 687-708.
17. Case R. The Mind’s staircase:exploring the conceptual underpinnings of cnildren’s tought and knowledge. Hillsdale,NY:Erlbaum;1992
18. Cox M. Children’s drawings.London:Penguin Books;1992;
19. Dansky, J. L. (1999). Play. In M. Runco & S. Pritzker (Eds.), Encyclopedia of creativity San Diego: Academic Press.
20. Developing the new early years professional. Maidenhead: Open University Press.

21. DeVries, R. (2006). Games with rules. In D.P. Fromberg and D. Bergen (Eds) Play from birth to twelve, 2nd Ed. Abingdon, Oxon: Routledge
22. Dewey J.How we think.New York:Dove Publications;1997
23. Drewes, A.,A. (2006). Play-based interventions. Journal of Early Childhood and Infant Psychology, 2
24. Florey, L. (1971). An approach to play and play development. The American Journal of Occupational Therapy, 15(6)
25. Gil, E. (1994). Play in family therapy. New York: Guilford Press.
26. Ispanovic Radojkovic V.Mentalno zdravje I afektivna vezanost u detinjstvo.U:Hanak N,Dimitrijevic A.,Urednici Afektivno vezivanje,Beograd,Centar za izdavacku delatnost Fakulteta za specijalnu edukaciju I rehabilitaciju;2007
27. Ivic I. I sar. Razvojna Mapa,Beograd;Kreativni centar;2003;
28. Ivić, 1978; Piaget & Inhelder, 1969; Pijaže i Inhelder, 1978
29. Jelena Radosavljev Kircanski "Decji crtez"
30. Jennings, K.D., Connors, R.E., Stegman, C.E., Sankaranarayan, P., and Mendelsohn, S.
31. Jung, C. (1934). Mandala symbolism. Princeton, NJ: Princeton University Press.
32. Karpov, Y. V. (2005). The neo-Vygotskian Approach to Child Development. Cambridge: Cambridge University Press.
33. Klein, M. (1955). The psychoanalytic play technique. American Journal of Orthopsychiatry, 35
34. Kolb, A. Y., & Kolb, D. A. (2010). Learning to play, playing to learn: A case study of aludic learning space. Journal of Organizational Change Management, 23(1), 26-50
35. Landreth, G. L. (1991). Play therapy : The art of the relationship. Muncie, IN: Accelerated Development.
36. Levine, Susan C., Ratliff, Kristin R., Huttenlocher, Janellen, and Cannon, Joanna. (2011). Early puzzle play: A predictor of preschoolers' spatial transformation skill. Developmental Psychology.
37. Malchiodi, C. (2003). Handbook of art therapy. New York, NY: Guildford Publications, Inc.

38. Mastery motivation in young preschoolers 1985: Effect of a physical handi-cap and implications for educational programming. Journal of the Division for Early Childhood, 19(2)
39. Neuliep, J.W. (2012). Intercultural communication: A contextual approach (5thEd.). Thousand Oaks, CA: Sage Publications.
40. Pellegrini, A. D. (1992). Kindergarten children's socialcognitive status as a predictor of first-grade success. Early Childhood Research Quarterly, 7(4), 565–577.
41. Piaget J,Six etude de psychologie.Paris:Gonthier;1964;
42. Piaget J. The child's conception of the world.New York:Littlefield Adams;1990;
43. Piaget J. The psychology of the child.New York,Basic Books,1972
44. Piaget, 1960; Pijaže i Inhelder, 1978
45. Piaget, J. (1932). The moral judgment of the child. London: Routledge & Kegan Paul.
46. Piaget, J. (1936). Origins of intelligence in the child. London: Routledge & Kegan Paul.
47. Piaget, J. (1945). Play, dreams and imitation in childhood. London: Heinemann.
48. Piaget, J. (1957). Construction of reality in the child. London: Routledge & Kegan Paul.
49. Piaget, J., & Cook, M. T. (1952). The origins of intelligence in children. New York, NY: International University Press.
50. Pijaze J. Psihologija inteligencije.Beograd;Nolit;1977
51. Pijaže, 1972; Ivić, 1993; Matejić Đuričić, 1991; Matejić Đuričić i Stojković, 2012
52. Plowden, B. H. P. (1967). Children and their primary schools: A report (Research and Surveys). London, England: HM Stationery Office.
53. Povse Ivkovic V,Taskovic O,Krstic N.Defektoloska I psiholoska procena u dijagnostici sposobnosti I u evaluaciji tretmana:isputujemo li isto.Psihijatrija Danas;2006;
54. Reddy, L., Files-Hall, T., & Schaefer, C. (2005). Empirically Based Play Interventions for Children. San Francisco: Jossey Bass
55. Reyes, C., & Asbrand, J. (2005). A longitudinal study assessing trauma symptoms in sexually abused children engaged in play therapy. International Journal of Play Therapy, 4(2),
56. Richard Nelson-Jones "Prakticne vjestine u psiholoskom savjetovanju I pomaganju"
57. Russ, S. W. (2004). Play in child development and psychotherapy: Toward empirically supported practice. Mahwah, New Jersey: Lawrence Erlbaum Associates, Inc

58. Schaefer, C. E. (1999). Curative factors in play therapy. Journal for the Professional Counselor, 14, 1, 7–16.
59. Siegler, R. S., DeLoache, J. S., & Eisenberg, N. (2003). How children develop. New York: Worth.
60. Singer, D. G., Golinkoff, R. M., & Hirsh-Pasek, K. (2006). Play=learning: How play motivates and enhances children's cognitive and social-emotional growth. New York, NY: Oxford University Press.
61. Smiljka Popovic Deusic "Razvojni miljokazi"
62. Smith, P. K., & Pellegrini, A. (2013). Learning through play. Encyclopedia on Early Childhood Development, June, 1-6.
63. Srna J.,Vukosavljevic-Gvozden,T.(2007),Psihoterapija I psiholosko savetovanje,u J.Berger I M.Mitic,Klinicka psihologija
64. Srna J."Psihoterapija svedocenjem u S.Bojanin I S.Deusic,Klinicka psihijatrija razvojnog doba,Beograd,Institut za mentalno zdravje
65. Svetomir Bojanin "Neuropsiholoska analiza razvoja licnosti
66. Svetomir Bojanin "Prenatalna psihologija sa aspekta neuropsihologije razvojnog doba.Psihijatrija danas"
67. Veselinovic Jovanovic M. Hiperaktivno dete.Beograd:ZA;2001;
68. Vygotsky, L. S. (1978). Mind in society: The development of higher psychological processes. Cambridge, MA: Harvard University Press.
69. Wadsworth, B. J. (2004). Piaget's theory of cognitive and affective development: Foundations of constructivism. New York: Longman
70. Whitebread, D. Jameson, H. & Basilio, M. (2015). Play beyond the Foundation Stage: play, self-regulation and narrative skills. In J. Moyles (Ed.) The Excellence of Play, 4th Ed. (pp. 84-93). Maidenhead: Open University Press.
71. https://abclearningcenterfl.com/psychology-childrens-artwork/
72. https://deca.mk/predupreduvachki-znatsi-na-detskite-tsrtezhi/
73. https://docplayer.gr/73242663-Olivera-rashikj-canevska-udk-igrata-kako-aktivnost-i-igrata-kako-terapija-kaj-decata-so-prechki-vo-razvojot.html

74. https://educationaltechnology.net/jean-piaget-and-his-theory-stages-of-cognitive-development/

75. https://empoweredparents.co/child-development-drawing-stages/
76. https://hosparushealth.org/blog/play-therapy-benefits-childrens-healing/
77. https://m.facebook.com/bojana.mojpsiholog/posts/871954029864010
78. https://parent-smileandgrow.com/en/how-to-interpret-children-drawings/
79. https://positivepsychology.com/play-therapy/
80. https://psychology.org.au/inpsych/2015/june/short
81. https://thestrip.ru/mk/glaza/polza-igrovoi-terapii-vliyanie-igry-na-razvitie-rebenka-igroterapiya-dlya/
82. https://www.a4pt.org/
83. https://www.goodtherapy.org/learn-about-therapy/types/play-therapy
84. https://www.healthline.com/health/play-therapy
85. https://www.nytimes.com/2020/07/21/parenting/play-therapy.html
86. https://www.psychologytoday.com/intl/therapy-types/play-therapy
87. https://www.simplypsychology.org/piaget.html
88. https://www.verywellfamily.com/what-is-play-therapy-4175560
89. https://www.verywellmind.com/jean-piaget-biography-1896-1980-2795549
90. https://www.verywellmind.com/play-therapy-definition-types-techniques-5194915